СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и шеста седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 23 април 1997 година

Скопје, април 1997 година

**ШЕЕСЕТ И ШЕСТА (66) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 23.IV.1997 ГОД.**

1. АНДОВ СТОЈАН 10 ДНЕВЕН РЕД - СТР.12
2. АРСОВСКИ БРАНКО 92 Т. 1-стр.15
3. БУЗЛЕБСКИ ДИМИТАР (министер за сообраќај и врски) 15, 17, 39, 69, 70, 85, 88
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ 2
5. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ 60, 71
6. Г0ШЕВ ТУШЕ 71
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 93, 96
8. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 21, 26
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ 63, 69
10. КАРОВ ЗВОНКО 101, 103
11. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 47
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 2
13. МАРКОВСКИ РИСТО 76, 80
14. МИНОВ ПАНЧО 88, 93
15 ПЕТКОВСКИ ТИТО 1, 3
16. РАМАДАНИ САЛИ 13, 96
17. РАМАДАНМ ХИСЕН 55, 56
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 30, 33
19. СТОЈАНОВСКИ ЗДРАВКО 45
20. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 4
21. ФАИК АБДИ 50
22. ШАПУРИЌ ЗОРАН 80

С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 април 1997 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Атанас Вангелов, Никола Г. Поповски и Зоре Темелковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Дозволете ми во Ваше и во мое име да му го честитам роденденот на Санде Џамбазовски и да му посакам многу здравје и многу успех во работата.

Записниците од Педесет и четвртата седница,Педесет и петата Педесет и деветтата, Шеесет и втората, Шеесет и третата и Шеесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

Господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе,почитувани колеги, имам забелешка на записникот по Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, односно на страница 22 каде се наведени прашањата кои јас ги поставувам, фали прашањето кое веќе повеќе месеци упорно го поставувам, односно дека сеуште кога мислите да ми се одговори на прашањето поставено во мај 1995 година. Дали случајно или намерно не го гледам во поставените прашања на страница 22.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се прифаќа забелешката на господин Видимче.

Дали има уште некои прашања?

Господин Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, драги колеги, јас имам забелешка на записникот во поглед на прашањето број 8, кој што го поставив тогаш. Прашањето гласи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да кажете на која седница сте го поставиле прашањето.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Тоа беше на 59-та седница на Собранието. Прашањето го упатувам до Министерството за надворешни работи. Прашањето поставено пред две години сега сакам да го обновам. Прашањето гласи, кога се ќе отворат граничните премини меѓу Република Македонија и СР Југославија и тоа меѓу општините Крива Паланка - Република Македонија

и Трговиште а не Трбовиште - СР Југославија. Вториот граничен премин се работи за друг граничен премин, а тоа е Крива Паланка - Република Македонија и Босилеград - СР Југославија. Ова е вториот граничен премин кој е испуштен и воопшто не е спомнат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се прифаќа забелешката на господинот Милошевски.

Дали уште некој пратеник има забелешка? (Никој)

Тогаш констатирам дека записниците од 54-та, 55-та, 62-та 63-та и 65-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки, додека записникот од 59-та е усвоен со забелешките на господин Видимче и господин Милошевски.

На 26 март 199 7 година Собранието на Република Македонија именува јавни обвинители и заменици на јавни обвинители.

За јавни обвинители односно заменици јавни обвинители беа именувани и судиите на основните судови, Александар Наков, Олгица Јордановска, Кирил Димитровски и Ратка Гоговска. Согласно член 107 став 3 од Уставот на РМ функцијата јавен обвинител е неспоива со вршењето на друга јавна функција. Заради тоа констатирам дека со денот на именувањето на Александар Наков и на Олгица Јордановска им престана функцијата судија на Основниот суд во Штип. На Кирил Димитровски му престана функцијата судија на Основниот суд во Берово и на Ратка Гоговска и претстана функцијата судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Предлагачот на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон, пратеникот Назми Малиќи извести дека го повлекува овој закон од оваа седница.

Предлагачот на предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон, пратениците Мирко Пецов, Томислав Стојановски и Панче Насев на

седницата на Комисијата за труд и социјална политика се согласиле со ставот на Комисијата на оваа седница на Собранието да се разгледува само предлогот за донесување на закон.

Владата на Република Македонија побара поради отсуство на министерот за труд и социјална политика Насер Зибери овој закон да се одложи од оваа седница.

Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија предлага овој закон да се одложи од оваа седница да можат да се подготват податоци од надлежните министерства заради комплексно согледување на финансискиот ефект, како врз Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, идните корисници на пензијата и врз стопанството.

Кој е за предлогот, овој закон да се одложи од оваа седница молам, да крене рака.

Господин Трипуновски се јавува процедурално во врска со оваа точка.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, можеби ова е некое недоразбирање. Оваа точка која вие ја спомнавте на дневен ред поставена од пратениците Томе Стојановски, Мирко Пецов и Панче Насев, нашата Комисија не ја предложи денеска да се разгледува на дневен ред, бидејќи по барање на министерот кој беше службено отсутен и не присутен на нашата седница, да се одложи за една наредна седница со додатни образложенија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тогаш нема потреба да гласаме.

Пратеничката група на Либералната партија,од денес Либара-мократска партија и пратеникот Томислав Стојановски доставија барање

Предлогот на законот за радиодифузна дејност, поради неговата сложеност и обемност и кусиот рок за негово проучување да не биде уврстен во дневниот ред на оваа седница што требаше да се одржи на 16 април 1997 година.

Со оглед на поместувањето на седницата, дали останувате на истото.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го повлекуваме предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го повлекувате предлогот.

Предлагачот на Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, пратеникот Назми Малиќи извести дека го повлекува Предлогот на одлуката од оваа седница.

Пратениците Александар Гештаковски и Нано Ружин предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување и избор на судии на Основните судови.

Предлогот на одлуката Ви е доставен. Кој е за предлогот, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно-правната комисија предлагаат согласно член 32 8 од Деловникот на Собранието на Република Македонија <u>Предлогот на законот за комунални дејности Собранието да го претресе како нацрт на закон.</u>

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

82 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

20 пратеници од Пратеничката група на Либералната партија односно Либерално-демократската партија од денес на Македонија предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Благоја Филиповски.

Предлогот Ви е поделен.

За збор се јави господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, должен сум да го објаснам овој предлог и зошто ние бараме, навистина, да се уврсти на дневен ред на оваа седница. Должен сум, особено заради заклучокот на Комисијата и Предлогот на Комисијата за избори и именувања каде се предлага да не се уврсти овој предлог на дневен ред. Аргументите што ги изнесува Комисијата се дека господинот Филиповски сега го известил претседателот на Собранието дека од 1 мај нема да биде непрофесионалец овде, туку ќе го почитува деловникот привремениот деловник, член 41 и ќе дојде на стална работа во Собранието.

Прво, сакам да истакнам дека 2 0 пратеници по вакви прашања претставуваат овластен предлагач и Комисијата не е меродавна да го оспорува правото на 20 пратеници. Тоа е деловничко право на 20 пратеници. Обично кога има овластени предлагачи во областа на персонални решенија, именувања и избори, во Собранието воспоставивме ред Комисијата да не го гледа тие предлози, па не ги гледа предлозите на претседателот па ни на државата, ни на претседателот на Владата ниту на Републичкиот судски совет и тн.,

мислиме дека е сосема во духот на тие решенија и кога настапуваат 20 пратеници, предлозите, бидејќи се тоа овластени предлагачи, да не може и да не треба да ги гледа Комисијата за избори и именувања.

Од друга страна, предлогот за разрешување што го даваат 20-те пратеници од Либерално-демократската партија не се однесува и не са заснива на тоа што господинот Блаже Филиповски намерава да работи, да стори. Тој не известува дека намерава од 1 мај да биде професионалец и дека е свесен дека привремениот деловник тоа не му дозволува натаму да не биде професионалец. Ние овој предлог не го даваме заради тоа што мисли тој да направи, господинот Филиповски. Тоа не би ни имале право, ние ова го даваме за тоа што правел. Што една година иинешто скоро година ипол тој не го почитувал деловникот континуирано. Ние сакаме за тоа да се расправа, дури и сме спремни да му опростиме на Благоја Филиповски што не го почитувал деловникот но сакаме за тоа да се расправа од две причини.

Прво, не е точно дека ние сме сакале да го дискридитираме господинот Благоја Филиповски. Ние сакаме да му помогнеме. Сакаме да му помогнеме да го доведеме и неговото однесување во склад со правилата на нашиот систем. Да го доведеме да не биде во позиција на кршење на деловникот, што му создава ранлива позиција во вршењето на функцијата што ја има.

Сакам да нагласам дека во ова нема ништо недобронамерно спрема било кого., ниту пак спрема Социјалистичката партија. Напротив ние сакаме и сметаме дека Социјалистичката партија е длабоко приврзана на почитување на правните норми во нашиот систем и во нашата држава. Затоа не гледаме зошто било кој би мислел дека ние сме ја навределе Социјалистичката партија со оваа интервенција. Сега, сакам да објаснам неколку невистини кои беа изречени овие денови, а сакам фактите да ги кажам.

Да се разбереме, кога почина поранешниот потпретседател од Пратеничката група на Социјалистичката партија господинот Киро Поповски, наскоро јас побарав од тогашниот потпретседател, а сегашен претседател на Собранието да обави консултации со Социјалистичката група на Социјалистичката партија кога да побараме од претседателот на Комисијата за избори и именувања да спроведе постапка за избор на нов потпретседател од таа пратеничка група. Јас бев известен дека првите консултации кои се обавени на господинот Петковски му е соопштено дека има двајца кандидати. Господинот Љубисав Иванов, кој тогаш не беше претседател на Социјалистичка партија и господинот Блаже Филиповски. Јас му кажав нему а верувам тој се сеќава и ќе го каже тоа, ако треба, дека треба да водиме сметка оти по прописите кои владеат во Собранието, со кои е уредена работата во Собранието, личноста која ќе биде избрана за потпретседател треба професионално, со постојано ангажирање овде да прифати да ја врши таа функција. И дури го замолив разговарај и со господинот Иванов, дали и тој е спремен да ја напушти сегашната функција во Силекс да дојде на постојана работа во Собранието. Јас бев известен дека господинот Иванов не е спремен на такво решение. Според тоа господинот Иванов тогаш веќе знаеше и Социјалистичката партија знаеше и господинот Блаже Филиповски знаеше дека не е во склад ако некој биде избран и ја врши функцијата потпретседател а не е на постојан работен ангажман тука во Собранието. Затоа, само затоа беше прифатена кандидатурата на господинот Блаже Филиповски, и затоа тој беше избран за потпретседател. Видете сега, господинот Блаже Филиповски, забележува како тоа сум го пропуштил и тн. Како што гледате не сум го пропуштил, на тоа навреме сум укажал и тој прифатил. Но, јас не сум водел сметка понатаму дека тој има друга мисла и друго нешто да прави. Се разбира, јас му верувам на Блаже Филиповски, нема зошто да не му верувам. И до мојата оставка која ја најавив на 23 февруари, јас не го покренав тоа

прашање и мислев дека човекот ќе си прејде на постојана работа овде и немам зошто да го доведувам во заблуда, а и ваа пратениците. Бидејќи тоа во јануари и февруари не се случи, сегашниот пратеник и тогашниот пратеник во ова Собрание, а тогаш и директор на Јавното претпријатие каде што сега е на стална работа, господинот Филиповски му упати писмо на 7 март на претседателот на новиот претседател на Собранието. Во кое му укажува дека избраниот потпретседател, спротивно на деловникот по член 41 сеуште е на постојана работа, на стално работно место во Јавното претпријатие. И укажува дека треба да се преземат мерки за да се спроведе деловникот. Тоа е вистината и тоа е околу тоа дали знаела Социјалистичката партија или не знаела.

Во меѓувреме двапати е поставувано пратеничко прашање ова да се расчисти. На тоа нема одговор. Сега, сакам само да ви обрнам внимание не е ова некое ситничарење или некој инат, па да му се нанесе зло на господинот Блаже Филиповски, да му се намалат примањата. Не е во тоа работата. Господинот Блаже Филиповски кажува овде колку примал од Јавното претпријатие и веројатно сега тоа е точно, бидејќи како што знаеме нешто платите се намалија во последно време во Јавното претпријатие.

Од друга страна, ние ги сметавме и правата на Блаже Филиповски што ги има како член на Управниот одбор во Е1лектростопанство. Таму се исплатуваат по 9300 на членовите на Управниот одбор во Електростопанство. Во Аеродроми, како што знаете се исплатуваат по 12000 на членовите на Управниот одбор. Во Поштата 10000 и незнам колку и тн.

Станува збор за еден систем, ние можеме да се смееме, можеме овде на некој да му излегуваат тие мали пари и веројатно се мали за тие што имаат многу повеќе со владина одлука и награди и привилегии кои по таа основа така им следуваат.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Ние мислиме дека првиот чекор Владата го направи со расчистување на таа практика кога предложи директори на јавни претпријатија да не можат да бидат пратеници. И г-динот Гештаковски кој тогаш беше генерален директор на поштите многу чесно истиот ден си извлече консеквенци и си остана, си избра. Можеше да си биде и генерален директор на поштите, но не сакаше, си дојде тука, но ниеден час не пропушти. Значи држи до прописите , до обврските кои го обврзуваат.

Сега да ви кажам ајде да пуштиме извесно време иако ова е познат систем на "купена лојалност" во корумпираните режими, тоа таму се прави, таму лута борба се води на демократските сили да се укине тој систем, пратениците со владини одлуки да се делегираат на доходовни или влијателни места каде се спроведува владина политика, па место контрола на Владата во Парламентот да седат луѓе кои се зависни од Владата на други места , тоа ние не можеме да го допуштиме за потпретседател на Собранието. Мислиме оти тука е веќе претерана работата, потпретседател на Собранието не може да биде именуван од Владата за член на Управен одбор без оглед дали постои законска основа или не. Мислиме оти тоа минува законска забрана или не? Ги минува сите рамки и затоа мислиме дека овој случај не упатува на две прашања на кои нашата јавност и Парламентот треба да обрне внимание.

Прво, на континуирано кршење на Деловникот со знаење како стојат работите во Деловникот и

Второ, на прифаќање на тој систем кој ги расипува луѓето и ги става со одлука на Владата да извршуваат, иако се народни пратеници, да извршуваат улоги и функции и задачи дадени од Владата.

Затоа ние не можеме да го прифатиме Извештајот од Комисијата избори и именувања, ние бараме за ова да се расправа и да се уврсти тој наш предлог овде на дневен ред на денешната седница.

II/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, само момент, јас, се разбира, одлуката ќе ја донесе Собранието, јас претседател на Собранието имам обврска да одговорам на две прашања што ги спомна г-динот Андов.

Првото е околу правата односно надлежноста на Комисијата за избори и именувањата да расправа по овој случај односно по овој Предлог на одлука во смисла на член 22 и 28 од привремениот Деловник на Собранието претседателот односно потпретседателот се избира на предлог на Комисијата за избори и именувања.

Според тоа, доколку има предлог на одлуки за негово разрешување најприродно е тој што го предложил да се произнесе. Тоа е едната, до колку станува збор за интерпелација која е предвидена како можност за носител на јавна функција на Уставот, тогаш процедурата по Деловникот е сосема друга. Овде станува збор за предлог одлука не за интерпелација. Според тоа, Комисијата за избори и именувања била надлежна да расправа, да даде мислење, бидејќи таа го предложи потпретседателот на потпретседател на Собранието и тоа со одлука, се разбира.

Второ, по однос на надлежноста за определување на платите на функционерите/ очигледно дека овде станува збор за различна интерпретација во Деловникот, да не кажам колизија, бидејќи не сум јас компетентен, тоа треба да го кажат надлежни органи, во Деловникот по однос на вршењето на функцијата потпретседател на функцијата кој ја уредува процедурата, а платите на функционерите во Собранието се определуваат врз основа на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратеници и други избрани и именувани лица во Републиката. Според тој закон пратениците по нивно барање можат да ја остваруваат платата во Собранието или во организациите каде се во работен однос.

Ова бев должен да го кажам.

Бидејќи не водиме расправа, односно според Деловникот по ова не се води расправа, јас молам предлогот на одлуката односно предлогот на пратеничката група на Либералната партија, дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување на потпретседателот на Собранието г-динот Филиповски го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници)

Дали има некој против? (40 пратеници)

Кој се воздржува од гласање? (14 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за радиодифузна дејност;

2. Нацрт на закон за комунални дејности;

3. Предлог за донесување на закон за Јавното правобранителство;

4. Предлог на одлука за огласување на избор на судии на основните судови;

5. Барање за давање автентично толкување на членовите 425 и 426 од Кривичниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 37/96), поднесено од пратеничката група на Партијата за демократски просперитет;

6. Барање за давање автентично толкување на член 2, членот 3 став 1 и членот 4 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ број 50/91)(пречистен текст, поднесено од претпријатието за производство и емитување на радио и телевизиска програма на "АБ-плус" ДОО Експорт импорт" - Скопје;

7. Барање за давање автентично толкување на членот 81 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 92/95), поднесено од Републичкиот одбор на месните заедници.

II/4

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Три симнувања и една нова точка.

Предлагам од дневниот ред на оваа седница да се симнат овие точки:

Прво, Предлог на закон за комунални дејности;

Второ, за донесување на закон за јавното правобранителство;

Трето, предлог закон за радиодифузна дејност.

Многу кратко и заедничко образложение.

Прво, не само овие , туку и другите поважни законски проекти веќе понатаму не би требало ниту оваа Влада на владеачката партија на РМ која е скоро во оставка и при крајот на своето лошо владеење да ги предлага ниту овој Парламент во овој состав на наводното мнозинство на истата владеачка партија на СДС кој е исто така пред финишот на наводниот мандат, бидејќи на есен треба да се одржуваат предвремени парламентарни избори, да донесува и понатаму поважни и најважни закони кои не само што ќе му ги оспорува делумно или целосно Уставниот суд и понатаму туку ќе му ги негира делумно и целосно и новиот Парламент во новиот состав на РМ:

Второ, основен недостатоците кои ги имаат видно од формално правно карактер трите законски предлози имаат и една заедничка и уште поголема слабост што се однесува и до материјално правната природа т.е. нивната содржина и како такви не заслужуваат ниту да им се посветува посебно студиозно и аналитичко внимание, бидејќи трите се не само во спротивност со меѓународните правни норми и конвенции кои ги ратификуваше овој Парламент туку и со актуелниот Устав на РМ, бидејќи со концентрацијата и централизацијата на власта во рацете на Владата на владеачката партија на РМ ја продлабочува и понатаму

II/5

постојната криза и правната, политичката, економската и социјалната.

За компензација до крајот на мандатот предлагам овој дом каков таков да се бави со некои предлози од итен или краткорочен или споредена карактер како што се донесување на закон за поедини ратификации на меѓународни конвенции, договори т.е. избор, именување и разрешување на поедини функционери , толкување на разни законски одредби и сл.

Во исто време предлагам на дневен ред на оваа седница да се стави нова точка.

- Барање информација од Владата на владеачката партија за активностите на Министерството за надворешни работи односно доставување под итно, авторизираните текстови на ресорниот министер Љубомир Фрчковски на неговите говори и разговори во и вон РМ на македонски и странски јазик. Имаме доволни информации дека Министерството за надворешни работи, а посебно ресорниот министер Љубомир Фрчковски води двојна политика, една од внатрешни потреби и друга за надворешни и тоа на антиуставен начин и против интересите на РМ, што може да се рефлектира многу негативно и да влијае лошо за авторитетот, афирмацијата, и стабилноста на земјата и пошироко.

Ова ќе се потврди со конкретно, поточно, објективно со редовното информирање и доставување на авторизирани текстови на македонски и странски јазик на сите излагања, говори и разговори во и вон РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво го ставам на гласање предлогот на г-динот Сали Рамадани три точки да се симнат од дневниот ред.

Кој е за молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање вториот предлог на г-динот Сали Рамадани на денешната седница да се уврсти точка - Информација за активностите за Министерството за надворешни работи.

II/6

Кој е за предлогот молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување на дневниот ред? (никој)

Тогаш ве молам, кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (81 пратеници)

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред, Предлог на закон за радиодифузна дејност.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претреседателе, почитувани пратеници, со Уставот на РМ востановен е радикално нов општествено економски и политички систем во чија основа лежат основните права и слободи на човекот и граѓанинот. Меѓу таквите слободи и права кои се битни за вистинско заживување на слободното демократско општество се и уставните гаранции на човекот и граѓанинот за слобода на говор, јавен настап, јавно информирање и слободно основање на институции за јавно информирање.

За разлика од овие уставни постулати поранешниот поредок се темелеше врз сосема други принципи и начела кои создаваат основ за поинакво законско уредување на системот за јавно информирање а во тие рамки и на вршење на радиодифузната дејност.

II/7

Познато е дека тогаш беше ограничена слободата на основање на овие институции, се допушташе цензура во нивното работење, делувањето на радиодифузните организации беа основани само од општествено политичките заедници, а во областа на телевизијата се допушташе можност за само една телевизиска оргнаизација одговорна пред државата за изградба, функционирање и развој на радиодифузниот систем.

Тоа беше карактеристично за периодот за 90-тите години, периодот по 90-тите години се карактеризира со еден отворен простор за развој на оваа радиодифузна дејност , просторот во кој се вклучија бројни субјекти и простор во кој некои се вклучија самоволно со реализација на нивната идеја непочитувајќи основни принципи кои важат за третирање на етерот како јавно добро и неговите ограничени должности.

Судирот помеѓу прокламираните слободи во оваа сфера особено за слободно основање на институции за јавно информирање и отсуството на приспособени правни и други претпоставки за остварување на тие слободи доведе до сфаќање на тие слободи до апсолутна смисла на зборот. Ова сфаќање услови за мошне кус период, како што напоменав, да се појават мноштво радиодифузни станици со отсуство од осмислена програмска ориентација кај повеќето од нив и почитување на режимот на користењето радиотелевизиската и телекомуникациската мрежа во државата. Таквото делување всушност е во спротивност и со меѓународни обврски на државата во оваа област. Тоа, особено , ако се има предвид обврската од членот 10 од Европската конвенција за права на човекот од 1950 година, според која државите потписнички се задолжуваат да донесат закон за доделување на овластувања за радио и телевизиски станици во рамките на ресурсите со кои располага соодветна држава. Оваа норма јасно упатува на потребата од законско утврдување на условите за основање и начин на користење на радио фреквенциите на државата како ограничен природен ресурс односно за остварување на слободата за оснивање на радиодифузни организации во рамките на можните радиофрекфенции на државата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (Продолжение)

Во тој случај овој принцип се темели врз природното право на човекот според кое правото на секој да дише не го содржи и правото да го загадува и воздухот.

Основна цел што треба да се постигне при концепирање на законот е во него да се инкорпорираат човековите слободи и права и тоа што поцелосно и по широко. Во тој контекст слободата на информирање, мислата и нејзиното слободно изразување во најширока смисла на зборот се основите за концепирање на одредбите на овој закон, со што целосно се напушта постојната регулатива во оваа област. Тоа значи дека овој закон темелно ги преуредува односите во оваа сфера.

Исто така во основата на овој закон лежи и принципот на дерегулација, како неодминлив белег на мноштво промени во општеството кај нас, со предзнак за намалување на државното влијание и јакнење на пазарните механизми и приватна иницијатива во оваа сфера. Ова значи дека дерегулацијата не е сфатена во смисла на намалување и поедноставување на законодавната регулатива, туку регулатива која ќе создава слободен простор за зголемување на достапноста кон медиумите и креативноста во концепирање на нивните програми, со нужен респект кон јавниот интерес и општите морални норми и принципи. Ова подразбира, во вршење на оваа дејност се да биде можно, но под определени услови што ќе значи објективна селекција на компетентните и солсвентните, но не и по овластување или сегрегација на оделни субјекти. Во таа смисла целта на овој закон е да го поттикнува, како јавното така и комерцијалното вршење на оваа дејност, поаѓајќи од ставот дека ниту една од нив сами за себе нема доволно ниту духовни ниту материјални добра, да ги задоволи растечките потреби на

граѓаните и стопанството, ниту пак можат да ги дадат целосните информации од културата, образованието, до потребите од рекреација и забава на човекот, туку тие меѓу себе се надополнуваат.

Понатаму, целта на законот е да создаде нормативни претпоставки за афирмираше на принципот за рентабилност во работењето на рдиодифузните организации, како во јавната, така и во комерцијалната сфера, како основа за здраво економско работење и да се стимулира тоа што е најдобро и највредно, но создавајќи услови за соодветна контрола и лимитирање на профитерството, а имајќи ја предвид осетливоста и големото значење на оваа дејност и нејзините пошироки импликации кои не допуштаат профитот да биде единствениот мотив за работа. Во таа смисла целта на законот е радиодифузните организации да создаваат и емитуваат програми во согласност со критериуми и мерила за вистински вредности, иманентни на меѓународни стандарди. При тоа, законските норми го имаат предвид и фактот дека оваа дејност и телекомуникациите воопшто не можат да се набљудуваат статички, со оглед на тоа што нивниот се побрз развој овозможува се нови и нови видови на услуги. Така,што крупните законски норми би биле пречка за тоа.

Една од по значајните цели на законот се состои и во јасното и прецизно дефинирање на улогата и функциите на државата за развојот и функционирањето на радиодифузниот систем. Притоа, се поаѓа од уставната обврска на државата да го поттикнува економскиот напредок, што во себе ја консумира и грижата за непосредни материјални влошувања за развој, одржување и користење на фундаменталната радиодифузна, техничко - технолошка и материјална основа, вклучувајќи ги и мулити – медијалните и мултинаменските системи. Имено оваа грижа на Републиката е основа врз која се гради, како радиодифузниот

систем, така и вкупниот систем на телекомуникации, без кои е и не можно да се зборува за воспоставување на усогласен систем на фреквенции и режим за нивно користење, како и негово поврзување во меѓународни релации. На тој начин не само што ќе се воспостави ред и заштита на радиодифузниот простор во државата, туку се обезбедува и принципиелно еднаква достапност на сите посредни и непосредни корисници на овие инсталации и уреди.

Натамошна цел на законот е да се операционализира уставната грижа на државата за создавање и емитување на радиодифузни програми од национален стратешки карактер во државата, заради остварување на со Устав загарнтираните права и слободи на човекот и граѓанинот, за остварување на правата на националностите, за зачувување на културните и етничките особености и негување на нивниот идентитет, до создавање и емитување на програми наменети за нашите иселеници, како и за програми кај кои ќе се презентираат културните, националните и историските вредности и достигнувања на Република Македонија. Всушност оваа грижа на државата е иманентна на држава од европски тип која се изразува преку целта, да се зајакне и сочува културниот идентитет, својствен на секоја земја. Притоа се имаше предвид да се оневозможи, со освојување на политичка власт да се злоупотреби употребата на електронскиот медиум, централизирајќи ги и ставајќи ги под целосна контрола на државни органи во кои доминантна улога би имале политички партии кои се на власт.

Оттаму една од целите на законот е да се обезбеди самостојност и независна радиодифузна дејност. Во тој контекс е и надминување на концентрацијата на вршење на радиодифузната дејност од страна на

една радиодифузна организација. Поаѓајќи од тоа цел на законот е да воспостави систем на плурализам во вршење на оваа дејност и признавање на нужноста од конкуренција во оваа сфера, како израз на остварување на принципот на слободата на мислење, неговото јавно изразување, како и слобода на примање и пренесување на информации што во себе ја апсорбира и слободата на основање на институции за јавно информирање.

При концепирање на целите на законот се поаѓаше и од прагматскиот став дека секое решение треба да ја почитува реалноста во економската сфера на општеството, која одлучувајќи влијае на економската и секоја друга положба и можности за избор на било кој вид радиодифузен медиум.

Тоа се основните цели кои по наше мислење се постигнати со предложениот текст на Предлогот за донесување на закон и наша оценка е дека во рамките на претходните процедури кои беа спроведени, како, во работните тела на Собранието на РМ, така и на јавните трибини кои по повод овој закон беа организирани. Во тие фази се акцептираат конструктивни забелешки кои беа во функција на подобрување на целите кои претходно ги напоменав. Затоа сметаме дека е нужно да се донесе законска регулатива за регулирање на односите во радиодифузната сфера, со оглед на тоа што сето тоа како концепт кој што е предложен во законот, ќе биде длабоко во интерес за развивање на демократските процеси во Република Македонија, а во рамките на тоа и на плуралните односи во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

III/5.-

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа.

Најпосле носиме еден закон кој е од големо значење за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија. Еден од доста значајните закони кој практично, како што рече и министерот во своето воведно излагање ги регулира слободите , правата и потребите на граѓаните во една држава.

Колку ќе биде тој закон применлив и колку ќе биде тој закон демократски, тоа зависи колку е демократско општеството и колку сме ние како народ демократизирани.

Овој закон подолго време е во владина и парламентарна процедура. Тој, навистина, ги помина сите фази на расправа и дискусија и оценките, исто така, на меѓународните институции, како што е Европскиот Совет и т.н.

Меѓутоа, јас би почнал баш од он,ој дел што го започна и министерот за сообраќај и врски, дека овој закон мора да биде во согласност со Уставот и да почива на основните уставни определби, а тоа значи да ги почитува основните определби во Уставот, определбите дека еден закон на сите треба да им даде подеднакви шанси, еден закон кој ќе ги обезбедува елементарните, економските и слободните процеси.

Ние во Уставот јасно и гласно кажавме дека секое правно и физичко лице во оваа земја , ги има истите шанси, истите права и истите должности. Меѓутоа, се плашам дека во овој закон, сепак, на некој начин се обезбедува монополизам. Тука се замките, тука се опасностите и тука треба да се посвети големо внимание, да не упаднеме во една ситуација , да правиме монополи. Тие грешки ги направиле и најразвиените земји во светот па затоа и се направени антимонополски комисии за

разбивање на таквите монополи. Тука морам да кажам дека елементите на монополизмот се не само во развојната сфера туку и длабоко во материјалната сфера. Ќе мора и предлагачот на законот, во тој поглед, по опстојно да размислува.

Се слуша, па еве и тука можеше да провее едно искажување дека ние досега сме имале некоја хаотична состојба во радиодифузната дејност. Јас би рекол имавме ренесанса во развојот на радиодифузната дејнсот во Македонија. Тоа е едина област каде дојде до израз инвентивноста и креативноста на граѓаните во Македонија. Се создадоа огромен број и радио и ТВ станици. Голем број на луѓе вложија свои лични средства во развојот на оваа област, а за доброто на граѓаните. Ретко има општина во Македонија која нема локална радио станица. Ретки се и општините кои немаат и ТВ станици, па дури некои општини имаат и многу повеќе ТВ станици. Тука дојде до израз слободата на творештвото и креативноста на луѓето. Но, тоа не се правеше така како што некои сакаат да го прикажат , диво, не законски . Па ние и досега имавме голем број на прописи од оваа област што сега со овој закон се ставаат во сила. Според тоа јас можам да кажам денес, а тоа веројатно во една временска дистанца подобна ќе се оцени дека едина област во која доживеавме еден огромен развој е во областа на радиодифузната дејност и тоа е позитивно. Не се точни искажувањата и не се добро намерни дека тука е направено , како што се вика една хаотична состојба Не, обратно. Вложени се огромни материјални средства, направено е големо задоволство на граѓаните да гледаат, да се забавуваат да бираат радиостаници, ТВ станици, да ги задоволуваат своите потреби и желби и тн. Направена е голема кадровска структура. Многу луѓе се оквалификувани. Направено е материјално богатство. Направена е една сериозна база за натамошен развој на радиодифузијата.

III/7.-

Нечесно би било и не би било во ред ако не кажам дека во тој поглед немаше препреки од владите што ги имавме во Македонија, од министерствата, од министрите, од инспекциите и т.н. Имаше едно големо разбирање и еден голем осет за развој на една дејност. Меѓутоа, како и секој закон, па и овој закон има свои недостатоци. Јас на тие некои недостатоци сега ќе укажам,а во исто време некои амандмани и јас поднесувам , а и пратеничката група на Социјалистичката партија се со цел законот да добие еден многу повисок квалитет и една многу поголема применливост.

Голем недостаток на овој закон е радиодифузниот совет. Тука мислам предлагачот има направено голема грешка.

Формирањето на радиодифузниот совет е добро замислено и добро концепирано. Мислам дека тука намерите се добри. И добро е што него го формира Собранието и добро е што тука треба да дојдат независни квалитетни и способни личности. И добро е тој да одговара на Собранието. Меѓутоа, надлежностите на советот практично се никакви и од еднаш советот се претовара во сервис на Владата.

Јас мислам дека тука и предлагачот упаднал во една голема замка и грешка, затоа што на тој начин секоја промена на Влада може да доведе до големи хаварии во радиодифузната дејност. Секогаш кога ќе доаѓа друга Влада , или опозиција на власт, таа ќе може да прави крупни промени и крупни дејанија што овој закон ги обезбедува, а ние зборуваме да донесеме, како што направивме ние многу грешки со други закони, па и Законот за локална самоуправа, па сега кога видовме дека таму победи опозицијата, па имаме редица непријатности. Но, тоа не е ништо во однос на овој закон од кој може да произлезат тие последици. Затоа тие права што ги земаат владите за себе, што се пропишуваат со овој закон

практично треба да се пренесат на радиодифузните совети кои навистина треба да бидат независни.

Еве јас имам и некои други укажувања што мислам дека се и од технички и од реален карактер.

Законот не предвидува псотоење на регионална телевизија или радиостаница. Односно можност претпријатието, емитувач на програма од свои програмски и комерцијален интерес да покрие неколку меѓусебно поврзани во општински подрачја, туку наспроти тоа законот предвидува само локално емитување и на едно подрачје односно општина и покривање на целата територија на државата.

Доколку еден емитувач премине од процес на проширување, од локален кон емитувач на целото подрачје од земјата, таа постапка не може да се оствари одеднаш, туку напротив, ширењето на подрачјето на емитување би одело постепено. Притоа ширење логично е дека локалниот емитувач преминува постапно во регионален, а потоа во целото подрачје на државата. Многу е тешко една радио станица да се локализира или ТВ станица, само на една општина.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (п**родолжение)

Кој може таков домен на емитување технички да го разреши. Тоа е многу тешко и затоа треба предлагачот на законот да го има тоа во предвид, особено имајќи во предвид дека денеска има радио - станици кои покриваат можеби и по десетина општини, или пола територија на државата, а исто така и телевизиски станици. Со овој пропуст да се дефинира и можност за регионално емитување практично е оневозможено ширење на локалните емитувачи и нивно постепено преминување во емитувачи на целата територија на државата. Мора тука многу да се размисли за целата таа работа, затоа што во овој временски период се изградија во државата и радио и телевизиски станици. Предлагачот на Заклонот не дефинира постапка за поднесување барање за концесии, орган и тело кое ќе ги издава истите, ниво на законска регулатива, тоа ќе го спроведува како принципи по кои се одредува височината на концесијата која емитувачот би ја плакал кон државата за емитување на програми. Оставањето во иднина оваа материја да се дефинира со владини уредби, или други подзанонски акти и прописи дава можност за усмерување на предложениот законски текст од дадена во сосема друга форма. Ова без однапред познати правила за пристап и користење на концесијата како и услови и режим при користење на истата доведува до можност за манипулирање со главниот дел од законот што не е дозволено, а тоа е начинот на добивање и начинот на користење и губење на правото за емитување и тоа е во суштина и појдовна основа за постоење на овој закон. Начин и принципи за уредување на радиодифузната дејност. Дефинирање на улогата на Советот како самостојно тело кое за работата одговара пред Собранието и кое самостојно одлучува и располага со средства кои ги прибира од јавна такса. Значи не е како што треба дефинирано. Еве, кои забелешки

по одредени членови на Законот ги имаме.

Забелешка кон член 18 цитат: "Концесија за вршење радио - дифузна дејност на територијата на РМ може да се даде на трговско радио дифузно друштво ако обезбеди опфат на слушаност, односно гледаност најмалку 70% од територијата на РМ". Инфраструктурата и комуникациите во Македонија се на пониско развиено ниво и вложувањето во предаватели и репетитори на подрачја каде што нема организирана форма на живееше и често ни основни услови за инфраструктурата со примена на овој член од Законот би ги принудил емитувачите на екстремно високи трошоци кои во пракса би довеле до состојба на нерентабилно работење, а со тоа и практично оневозможување на емитувањето да дојдат во состојба со својата програма да ја покриваат целата територија на земјата, а тоа пак би довело до потполно дерогирање на овој член во практиката. Освен ова за покриеност на така висок процент од територијата не постојат и технички услови. Имено за да се постигне тоа неопходно е инсталирање на предаватели и репетитори на највисоките коти и тоа би довело до навлегување на сигналот во соседните држави што е можно само со меѓународно координирани фреквенции, а кои во најголем дел веќе се во сопственост на македонската радио телевизија. Доколку се прифати ваквиот текст на овој член се отвора конфликт дека Законот е неприменлив во пракса, се отвара и конфликт со принципот приватните емитувачи да имаат реална можност за прикривање на сигнал на целото подрачје на земјата за конкуренција со јавното претпријатие. И на крајот конфликтот се гледа и со принципите на европските институции кои инсистираат на реална можност приватните емитувачи да се развиваат до ниво на програма за целото подрачје на Македонија. Од тие и слични

причини се предлага измена на член 18 која би требало да гласи наместо реченицата "покриеност на 70% од територијата " да стои " покриеност на 70% од населението". Затоа што ние почитувани пратеници имаме голем дел на територија на Македонија која воопшто не е населена. И сега треба да градиме репетирори и предаватели за територија каде што не живеат луѓе, туку за самата територија. И кој ќе ги гледа тие телевизиски станици? Тоа значи да се вложува пари во ветер и тоа мислам дека предлагачот ќе го прифати овој предлог, сосема е логичен за што е даден и амандман да тоа значи да се покрие 70% од населението кое што живее во РМ, процентот да остане, но да не се однесува на територијата. Друго прашање е за кое што исто така зборував од технички причини, затоа што за таква покриеност треба да се зафатат највисоките точки во државата, тие се веќе зафатени. И доколку се дојде до нив заради нивната висина, тогаш сигналите би ја преминувале нашата граница било тоа спрема Грција, било тоа спрема Бугарија, спрема Југославија, спрема Албанија итн. а штом тоа веќе се поминува, тоа веќе са сукобува со меѓународните конвенции, а нема слободни канали преку кои да се оди. 90% ги има веќе зафатено македонската радио-телевизија. Според тоа мора да се оди на пониски точки. И од таа причина мора да се прифати и една ваква солуција.

Имам забелешка на член 40. Радиодифузната организација мора да води дневник на емисиите и нивните снимки да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето. До сега тоа беше 8 дена. Сега се оди на 30 дена. Имајќи во предвид во каква состојба се наоѓаме воопшто како држава , имајќи во предвид дека за 30 дена да се чуваат сите касети, а голем број од тие касети мора да се чуваат затоа што како документација тоа е потреба на тие телевизии.

Тоа значи дека треба да се направат цели магацини за складирање на таквите касети и тоа практично би не одвело во едни многу тешки состојби, тоа може македонската телевизија да го прави,. таа веќе има изградени објекти. И друго, и начинот како таа сега се финансира може да си прави таков луксуз, меѓутоа комерцијалните радиодифузни организации немаат можност практично да обезбедат едни такви матерijални крупни средства за обезбедување на една ваква законска регулатива. Затоа предлагам да останеме на решенијата на стариот закон од 8 дена.

Забелешки кон член 51 став 1. Времетраењето на рекламите на јавните радиодифузни организации не може да изнесува повеќе од 7% од секој час на емитувана програма. Тука е сега таа нееднаквост помеѓу јавните радиодифузни организации и оние кои што се комерцијални. И кај комерцијалните радиодифузни организации се ограничуваат начините на обезбедувањето на средствата низ рекламите, меѓутоа бидејќи јавната радиодифузна организација го обезбедува покривањето на своите трошоци низ таксата која што е предвидена да ја плаќаат граѓаните на РМ и тоа под принуда преку јавното претпријатие за Електростопанство. Таа веќе извори на средства добива по еден основ кој е регулиран со овој закон и тие средства не се така мали, а комерцијалните радиодифузни организации треба да ги обезбедат средствата низ рекламите. Според тоа секој пат јавната радиодифузна организација може да манипулира со цените на рекламите и да ги доведува другите телевизиски станици во пословно нерамноправна положба, заправо користејќи го монополот, начинот на обезбедување на приходите, легалното покривање на трошоците на овој начин таа може да прави такви монополни цени, ниски цени, дампинг цени за да другите

IV/5.-

организации ги доведе во тешка состојба. Затоа јас предлагам наместо тоа 7% да биде 1%, или пак како што е пракса во многу земји каде што своите трошоци ги покрива јавната радиодифузна организација ј од таксите да се забрани тие јавни дифузни организации да не можат да рекламираат било какви производи.

Забелешки по член 55. Вестите и другите информативни програми како и пренос на верски, спортски и други настани чие времетраење е помало од 30 минути да не смее да се прекинува со реклами. Јас мислам дека тука треба да се исфрли зборот "спортски". Во целиот свет кога се вршат спортски преноси, пред утакмица, за време на утакмица, по утакмици, па тогаш се прават реклами. Вие го гледате Еуроспорт, гледате сите спортски канали во светот, па тие од реклами живеат и најголемиот дел е во реклами. Затоа го молам министерот тој дел "спортски" да го исфрли. Министерот се согласува.

Тоа се некои мои укажувања и некои мои предлози. Јас мислам дека тука има и доста амандмани кои се предложени, кои можев да ги видам со прифаќањето ан тие амандмани особено со прифаќањето на улогата и задачата на радиодифузниот совет ние навистина можеме да донесеме еден закон, квалитетен закон, функционален закон, практичен закон и применлив закон. Да не ги повториме грешките кои што ги правевме со многу други закони кои прво што ни ги поништуваше Уставниот суд, значи да го усогласиме со Уставот. Второ, да донесеме закони кои за неколку месеци потполно ке ги менуваме и носиме нови закони.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван ресорен министер, почитувани колеги пратеници,

Сигурно дека овој е еден од позначајните закони кои што ги донесуваме во овој мандат. Можеби оние закони кои што значат една

виталност во оваа сфера која што виталноста можеше да отиде и во една друга крајност што би значела и хаос и се друго, но очигледно е сепак дека можеби ни фали уште малку време, би рекол премногу за една трета фаза, но премалку за да денеска успееме да ги одгонетниме сите оние прашања, проблеми врзани со донесувањето на овој закон кој што интензивно ги слушавме, комуницираме, или лично имавме прилика да бидеме учесници на одредени трибини,средби, комуникации, па ако сакаме да бидеме и добронамерни, една ретко успешна и активна работа на сите комисии без исклучок. Што се разбира дека за ова придонесува фактот бидејќи се работи за еден важен сегмент од општеството. Слободно можеме да кажеме дека се работи за медиум и зошто да не признаеме дека се работи за една власт која што не е именувана како оние легални делови од власта, но сепак власт можеби ненапишана, но со влијанието во државата, во општеството, во граѓаните со право треба да го понесе и тој епитет. Можеби точно во финишот на оваа расправа почнавме да осознаваме дека треба да донесеме конечно еден закон кој што сепак ке регулира на еден поинаков начин она што значи радиодифузна дејнсот но он а што е, тоа е ние денеска треба да вложиме максимум напори при -кое што особено предлагачот треба да изрази готовност да ги прифати сите добронамерни сугестии, амандмани и слично за да добиеме што подобар закон, закон кој што ќе има подолгорочно траење и кој што сепак ќе биде и визионерски на некој начин. Веројатно дека најидеално ќе беше ако Законот за радиодифузија, Законот за телекомуникации и Законот за МРТ како единствено јавно претпријатие од овој обем беа донесени дури во еден пакет затоа што ние сакајќи, или несакајки денеска при оваа расправа и овие претходни денови се обидувавме да одгонетнеме, да пронајдеме што е она што овој закон ќе го прави компатибилен, или дури ќе го доведе до колизија, во спротивности со она што значи телекомуникации

IV/7.-

и со она што значи односи на повеќето субјекти, овој пат разграничени во одредени категории каде што доминираат неколку и каде што секогаш и по некоја инерција, а би рекол и со право со оглед на позицијата важнсота и моќта сите овие наши анализи се упоредуваат со она што значи Македонска радио телевизија како јавен медиум и како национална телевизија.

V/1.-НН/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сигурно дека од овој закон и од овие расправи произлегуваат многу дилеми и размислувања остануваат со добра намера дали можеби во скора иднина нема да размислуваме поинаку сите, а тоа што значи она општо добро во кое што сме вложувале сите како граѓани и како држава и што значи она концесии, амбиции, па и секакво влијание во смисла по секоја цена и на секој начин да се создаде или оформи одреден медиум. Мислам дека и во самата Македонска радиотелевизија долго време се размислува, а уште повеќе ќе се размислува на позицијата она што значи техника во смисла на предаватели и врски, најскапата техника, најспецифичната која што можеби утре ќе треба да биде поставена во една друга позиција, во една позиција рационално да биде искористена од сите субјекти во интерес на квалитет, ред и во секој случај ако може со помалку средства да се постигнат што поголеми ефекти. Верувам дека при донесувањето на законот за Македонската радиотелевизија сигурно дека овој сегмент ќе има значајно место и верувам дека можеби овие дискусии ќе изнудат и ќе иницираат можеби малку поинакви размислувања, не радикални. За мене нерадикално размислување е ако е инвестирано во она што значи Црн Врв, во она што значи Попова Шапка, она што значи Солунска Глава и тн. и тн. Дали има смисла дали има потреба некој друг да инвестира во тие значајни објекти, во тие беспаќа каде што и одржувањето на сите овие објекти и инсталации претставува значаен трошок во она што значи во овој случај јавен сервис, освен само едно размислување кое што овој закон не го опфаќа, не го регулира затоа што веројатно мораше овој закон да дојде на дневен ред, а за нешто повеќе веројатно ќе мораме да се навратиме во некое идно време, но тоа да не биде некое многу идно, сепак нека биде скорешно време. Моите размислувања се дека овие и слични размислувања денес што ќе произлезат сигурен сум да бидат сериозно анализирани при донесувањето на тој незаобиколен закон за

Македонската радиотелевизија за да имаме еден пакет на закони и да биде навистина комплетен.

Во овој закон ќе останат многу недоречени работи. Веројатно и ние ќе отидеме со дезинформираност или неинформации кои што овие денови ни ги поставуваат заинтересираните субјекти и кои што се сведуваат на неколку нешта. Зборуваме за техничка издржливост, моќ, можност, воопшто не се споменува барем некоја приближна бројка на она што би значело реален потенцијал во секој поглед, на концесии што ќе бидат издадени по однос на радио, по однос на телевизиска програма.

Второ, исто така мораше, ако не повеќе барем приближно некој ред на големини за овие концесии да бидат тука набележани, па ако сакате и во некои широки рамки. Вака многу субјекти, многу заинтересирани фактори не ќе можат да размислуваат објективно, реално, рационално, па ако сакате и оптимално што утре ги очекува при исполнувањето на условите содржани во повеќе членови што значат конкурирање за концесии и што значат оние десетина услови кои што ќе го одредуваат, да речеме рејтингот или ранг листата по која што овие концесии ќе се определуваат. Добро е пред распишувањето на конкурсите дел од овие работи да бидат расчистени/ бидејќи претпоставка е дека најголемата конкурентност ќе биде на локално ниво кое што веќе има значајно инвестирање, каде што веројатно ќе требаат и дополнителни инвестирања. Ќе биде добро сепак дел од овие прашања што јас јавно тука ги актуелизирам да бидат дотогаш избистрени бидејќи и на Советот за радиодифузија и на Владата, а особено на ресорното министерство ќе им биде олеснета нивната задача. Тоа подразбира во прв ред и објективен приод за да навистина оваа многу значајна работа се заврши со успех.

Како ретко во која област донесувањето„ на овој закон претставува само основа, претставува платформа на која што понатаму сите

а најповеќе предлагачот ќе треба да го положиме испитот дали сме донеле добар закон и дали овој закон ќе има практична објективна примена. Велам, како ретко во која област затоа што дури сега сите субјекти ќе се преслушуваат, ќе се најдат во позиција да ги прават и своите сметки и пресметки, да ги бараат своите и потесни и пошироки интереси за да овој закон биде потоа применлив, затоа што објективно не значи дека само она што се директни субјекти, кои што подготвуваат, емитуваат и пренесуваат програма, тоа се сите овие радио - дифузни институции и организации дека ќе бидат заинтересирани. Ова е закон кој што има значење за секој еден граѓанин, почнувајќи од поширокото значење што е тоа програма, што е тоа вкус, што е тоа интерес од општествен, економски па до политичкиот, кој што може да биде и првиот, па дури ако сакате и до личниот интерес на секој еден граѓанин кој што е обврзан да плаќа одредена јавна давачка. Затоа што во овој закон сите ние граѓани како граѓани ќе се најдеме некои само во една улога, како претплатник, а повеќето и во многу струки, позиции да размислуваме од повеќе аспекти.

Во законот недостигаат многу работи, многу работи не се прецизно одредени. Дадени се или засегнати се паушално, а тоа се пред се следните:

На многу места се среќаваме со различни функции кои што ограничуваат да се биде сопственик, да се биде учесник, да се биде уредник, главен уредник и тн. и тн. Притоа многу често се споменуваат функции во политички партии без дефиниција. Многу често широко кажано тоа може да подразбира од член, може да биде благајник на некоја месна организација во некое населено место од стотина жители, што не е прецизирано, а мислам дека тоа треба да биде прецизирано.

Во ограничувањето за членство во Советот практично се она што е значајно се она што има контакти, се она што по професијата

отскокнува од нас како граѓани, ограничено е да биде потенцијален член на тој Совет за радиодифузија. Мислам дека не ни треба нас, во вулгарна смисла на зборот толку неупатен или неук совет за радиодио - фузија. Вака ако се прочита тој член точно ние ќе треба да изнајдеме пуѓе кои што најмалку ги интересира таа дејност или кои што најмалку се компетентни утре да одлучуваат за една многу важна дејност.

Што е тоа самостојност и независност што провејува низ целиот овој закон. Дали ние можеме да зборуваме за едно такво нешто ако и сега сме сведоци дека во идеална смисла на зборот такво нешто не постои. Па, видете дами и господо, ако овој Парламент бира совет за радиодифузија, а овој Парламент е составен од повеќе политички партии прашање е колку е тоа независен орган или тело. Имено, именувањето на генерален директор на МРТ и директорот, барем досега си оди по партиска припадност што и тука го признавме и го легализиравме со промената што ја направивме пред неполна една година. Веројатно ќе треба да се навикнуваме на такви промени, при секоја промена на односот на силите на овој Парламент. Сега дали се тоа празни фрази или една реалност. Јас би рекол реалност со која што би требало да се соочиме, која што би требало да ја прифатиме како и сите сегменти од животот. Пораката ќе биде дека власта ќе биде променлива, овие личности кои што ќе имаат огромна одговорност исто така ќе бидат променливи, но треба да се трудиме сите да ги запазиме државните интереси. Државните интереси мора да бидат крајни, мора да бидат непроменливи и мора да ни бидат патоказ на сите кога го читаме овој закон и по неколку пати и кога треба да го изгласаме.

Прашањето на партиципацијата, прашањата на спонзорство, прашањата на реклами и пропаганда регулирани се во повеќе закони и тука постои една ширина, недефинираност. Мислам дека во амандманската расправа ќе можеме да сториме многу повеќе од она што

на пример, јас го имам вградено во повеќе амандмани дека е на пример забрането спонзорирање на информативни програми. Што е тоа лошото во една информативна програма да се партиципира и таа да се спонзорира кога веќе сме свесни дека оној дел од колачот помеѓу 5 и 7,5% веројатно не ќе биде доволен за да може тие програми да се фаворизираат и да бидат достапни на сите. Мислам дека во текот на оваа расправа ќе до- биеме одговори на повеќето прашања и размислувања и едно значајно прашање. Прашањето на локалните радиостаници, мислам дека се 29 на број кои што овие денови беа во интересот на вниманието и мислам со право.

Се работи за еден дел од она што значи наше секојдневие, од она што значи придонес во досегашното информирање, како што и го заслужува епитетот и националната или Македонска радио-телевизија. Без оглед на сите критики, без оглед на сите задоволства и незадоволства, без оглед на вкусовите на сите нас мораме да сфатиме дека националниот интерес е поширок. Ние имаме обврска што подалеку да се чуе нашето македонско радио. Утре ние мора да имаме амбиции, ова е и порака која што повеќето од нас сме ја чуле, јас јавно ќе ја пренесам дека час поскоро ние мора да изнајдеме финансиски средства за да можеме преку закупените сателити и сликата од Македонија да оди што подалеку во дијаспората. Тоа е наша обврска и наш долг спрема сите оние кои што времено не живеат во оваа држава.

Локалните јавни радиостаници, или да бидам разбран поточно, досегашните радиостаници од кои што повеќето имаат дури традиција од повеќе децении мислам дека претставуваат дел од ова што го зборувам, претставуваат еден сегмент, па ако сакате и дел од тој интегративен систем, а богами и една продолжена рака многу успешно и на македонското радио пренесувајќи ги оние најударни информативни емисии особено она што значи граничен појас и што значи преклопување

и поклопување на интересот на македонското радио да се чуе и во соседните земји. За жал се повеќе сме информирани и добиваме информации дека сме соочени со жестока конкуренција од соседните земји и при донесувањето на овој закон овој пат тоа мораме да го имаме предвид и да го респектираме.

Сметам дека овие локални радиостаници треба да претставуваат дел од она што значи јавна радиодифузија и македонско радио затоа што има и објекти и мрежа и техника и кадри, нормално може да се изнајдат исто така комплементарни работи кои што ќе овозможат и овие скромни средства, нивната позиција и статус во ова општество да биде обезбедено, без да притоа, мора да бидам отворен и јасен, бидат нарушени правата и ингеренциите кои што со законот за локална самоуправа им ги дадовме на овие субјекти. Никогаш ние не смееме да влеземе во една заблуда или замка дека овие јавни локални радиостаници нема да бидат во функција и нема да ги обаваат потребите, желбите и барањата на единиците на локална самоуправа. Верувам дека сите овие единици на локалната самоуправа ќе најдат најрационално и финансиски и од секоја друга призма, од друг аспект интерес да веќе медиумот кој што функционира нормално да биде прилагоден на сегашните потреби на единиците на локалната самоуправа. Во тој поглед бараме јавна поддршка нешто што функционира, на кое што му треба, веројатно, како и на многу други, едно порационално преструктуирање, реорганизација, па ако сакате и освестување и отрезнување полесно отколку создавање на нешто ново на една празна лебиња само со амбиции дека на тој начин влијанието на таа локална самоуправа ќе биде поголемо.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор министерот за сообраќај и врски Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас нарочно во моето воведно излагање не завлегов во одредени елаборации на делови од законот кои се од многу голема важност за оживотворување на целиот текст на законот. Меѓу нив не го опфатив делот кој што го третира Советот за радиодифузија, бидејќи знаев дека тој ќе предизвика соодветен интерес во општиот претрес по Предлогот на закон и чувствував дека ќе треба дополнително по тоа да се јавам, па во таа прилика го пропуштив тоа во мојот претходен настап, за да дадам сега неколку видувања за тој и за некои други делови од Законот.

Евидентно е дека со Предлогот за донесување на закон се прави еден голем исчекор од она што беше предвидено во Предлогот за донесување на закон во однос на оваа фаза на законот, не со самиот факт што Советот за радиодифузија се обработува во посебно поглавје, туку ако добро се прогледа целата содржина на законот, тогаш може да се види дека Советот за радиодифузија, како тело е надлежен за многу суштински односи кои треба да бидат во функција на развојот на радиодифузната дејност.

При определување за кој концепт за развој на радиодифузната дејност и во рамките на тоа кое место и улога да му се даде на Советот за радиодифузија, предлагачот пред себе ги имаше стандардите кои се генерално прифатени во рамките на Советот на Европа, а кои стандарди се обработени во соодветни документи, од кои некои од нив држава Македонија ги има ратификувано, а по некои од нив стремиме да пристапиме со нивна ратификација.

Веднаш да кажам дека Советот за радиодифузија е замислен и обработен во законскиот проект да биде независно автономно радио - дифузно тело. Изменети се одредбите во однос на претходниот текст на законот во поглед на составот на Советот, мандатот, начинот на изборот и цврстината на мандатот, што ја одразува определбата на предлагачот за да го обезбеди интегритетот на Советот како така замислено тело.

Постојат повеќе искуства во одделни земји во врска со овие претходно спомнати надлежности на Советот и тие се различни во зависност до тоа кој интерес државата сака да си го исполни и во рамките на тоа да ги делегира правата на тоа тело. Имаме примери како што е во Австрија, каде што постои независно радиодифузно тело, кое што брои 35 члена, кое што се вика кораториум, меѓутоа кое што е составено од претставници на политичките партии кои што се во Парламентот, претставници од Владата и секако претставници од слушатели и гледачи. Тоа е примерот во Австрија. Го имаме примерот во Данска, каде што постои Борд за радиодифузија, кој што е составен од 9 члена и претседателот на Бордот го именува министерот за култура. Имаме пример во Белгија каде што постојат три радиодифузни јавни претпријатија, каде што Владата делегира владин комесар за супервизија на работата на Бордот како независно тело. Тоа значи дека имаме такви примери, но значи дека имаме примери кои до крај ја либерализираат активноста на Советот за радиодифузија во поглед на неговата автономност.

Ние, определувајќи се овде во овој закон околу местото и улогата и надлежностите на Советот отидовме многу демократски, со тоа што предлагаме до вас за членовите на Советот да не бидат од политички партии и тоа член кој што е вграден, да бидат познати афирмирани личности од науката, културата итн. Нивниот мандат да биде со времетраење за кое не може да се отповикаат, за да се обезбеди

нивниот интегритет како членови и нивниот активен однос во работењето на Советот. Дури, одиме до професионализација на некои членови кои имаат раководно место во структурата на Советот. Дури, во делот на надзорот има стриктна обврска, која што е поставена пред Советот. Но, според кажувањата - не е демократски, затоа што Советот не ја доделува лиценцата. Не ја доделува, меѓутоа ја предлага и тоа е цврст институт, не е тело кое само дава мислење, па оној кој одлучува дали ќе го прифати или нема да го прифати не го обврзува. Тоа е институт кој предлага. Кога тоа го предложивме ние секако имавме предвид дека вие имате донесено закон за концесии, а овде станува збор за концесија, бидејќи тоа е општо добро, во кој што закон за концесии кажувате дека во име на Република Македонија, а во согласност со концесиски акт, концесија дава Владата на Република Македонија. Ние мора да ги почитуваме законите кои вие претходно ги имате донесено.

Оттаму, нашиот позитивистички однос кон Советот беше нему да му ги довериме максимално можните функции бидејќи неговото место и улога во овој закон, а и потребата во Македонија, е како тело да придонесе за развој на демократските односи во држава Македонија, со почитување на стандардите во делот на раидодифузијата која што ние ја прифаќаме како стандарди од меѓународните нивоа, а утврдуваме и наши домашни тука, стандарди, што е секако позитивен белег, бидејќи ако не е тоа ќе ја немаме автентичноста за состојбите и односот кон тие состојби.

Може многу да се говори за Советот и дилемите дали е недостаток, јас би рекол дека е голем напредок на законот, но секако ако има потреба, потоа за тоа.

Многу е дискутирано, а и овде беше спомнато, за времетраењето на рекламите и стандардите кои се вградуваат во законот околу тоа кога може а кога не може да се емитува рекламна програма во рамките на вк-упната програма на одредено јавно или трговско радиодифузно друштво.

За да нема дилеми, ние при изработувањето на законот се упатувавме и на Европската конвенција за прекугранична телевизија, кон која што конвенција се надевам дека држава Македонија ќе пристапи. Во таа конвенција, во член 14 од истата се уредени јасно општите и посебните стандарди за она што значи реклама кога може и кога не може и колку може. Времетраењето на рекламата кај јавната радиодифузија ние го имаме предвидено во законот и ги даваме предлог да биде 7% во однос на емитуван час вкупна програма. Тоа е многу помалку во однос на дозволените цензуси кои се во одделни земји и кои се земји кои имаат типична демократија, развиена демократија. Јас ќе напоменам дека во Белгија дозволеното времетраење на рекламна програма, во рамките на вкупната програма на јавната радиодифузија, значи на тие три претпријатија таму како јавни, е 20%. Во Франција е исто така 20%, во Германија е 20 минути од секој емитуван час, но пред 20 часот после 20 часот во јавната радиодифузија не е допуштена реклама на програмата. Во Италија е 12% од емитуван час. Во Полска е 15%, во Романија е 19%. Би можел да кажа многу показатели во овој дел, со тоа што да споменам дека кај некои од овие Земји приходот во стварен во однос на реклами се движи дури над 20% од вкупно остварените приходи на ниво на јавна радиодифузија. Значи, отидовме со предлог на еден стандард кој што е потребен за јавната радиодифузија, а кој што не ќе биде стандард опасност да ја загрози работата на комерцијалните или трговските радиодифузни друштва.

Околу спонзорирањето беше споменато овде, јас да кажам дека и за таа активност постојат стандарди, како општи така и стандарди кои се вградени во Конвенцијата, кои се однесуваат на забрани за спонзорирање. Ако ние се определиме, а се определуваме да пристапиме кон она што значи конвенции во кои се третирани многу области,а во рамките на тоа и оваа област, во рамките на Советот на

Европа, во членот 18 од цитираната Конвенција стои во точка 2 дека спонзорирање на вести и програми со актуелни настани не е дозволено. Не случајно овде тоа е кажано, затоа што во спротивно ако е дозволено, има опасност до влијание на спонзорот врз информативната програма или програмата со актуелни настани. А ние прокламираме дека ќе одиме на оневозможуваше на политички или деловни притисоци врз програмските содржини како на јавната, така и на трговските радиодифузни друштва.

Така што, туак не би требало да има дилема, тоа е стандард кој што е преземен, дури во голема мера така гласи како што стои во таа конвенција.

За локалните радиостаници, тема која што и натаму во општиот претрес ќе се актуелизира, претпоставувам, тоа се оние кои ние во Законот ги нарекуваме јавни радиодифузни друштва на локално ниво, прво прашање е во Република Македонија дали треба паралелен систем на јавно информирање во радиодифузната сфера, прашање на кое јас веднаш би одговорил не, затоа што еден имаме, тој е на државно ниво.

Второ прашање, дали ние имаме право со овој закон да го одземеме она што значи надлежност на локалната самоуправа, закон кој што го донесовме со 81 глас, закон во кој во член 17, точка 19 стои дека извор на надлежност, оригинерна надлежност на локалната самоуправа е можноста за уредување на информативната дејност. А ако одиме понатаму, ако ја согледаме содржината на Повелбата за развој на локалната самоуправа, во член 4, точка 4 од таа Повелба, стои дека функцијата на локалната самоуправа се исклучиви и дека никој нема право ни на регионално ни на државно ниво да и ги одзема оригинерните функции на локалната самоуправа. Ние почитуваме нешто што досега функционира. Затоа имаме и позитивен однос кон овој закон, кон тоа што досега функционира како јавна радиодифузија на локално ниво и во име на тие 29 станици, бидејќи буквално обезбедуваме нивна верификација

со законот како во поглед на добивање на концесија по автоматизам, така и во делот кај што е најдискутабилен на целосно финансирање на нивната активност. Но сепак, се поставува прашањето, ако е нешто тоа што функционира, тогаш прашањето е за кого тоа функционира. Функционира за граѓаните во локалната самоуправа. Според тоа дали имаме право да им го одземеме нивното право врз уредување на информативната дејност на локално ниво. Секако дека е прашање на кое што претходно сме дале одговор со донесување на законот за локална самоуправа, а и од местото и улогата на локалната самоуправа, во рамките на Уставот на Република Македонија. За сега толку би рекол.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

VII/1.- СС/ОМ

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван минситре,

Со Предлогот на закон за радиодифузна дејност е направен еден крупен чекор напред во решавањето на состојбите на ова комплексно и чувствително подрачје. Од неговата анализа може да се заклучи дека конечно на повидок е решавањето на поголем број проблеми што произлегоа од минатите години.

Предлог - законот нуди решенија во кои е оставен простор и време за адаптација и толеранција на сите оние кои сериозно сакаат да се занимаваат со оваа дејност. Преодниот период е сосема доволен за оние кои сеуште не ги исполнуваат условите за добивање концесии пропишани со овој Предлог закон, така што било какви забелешки и обвинувања од после би биле излишни.

Јавните радиодифузни претпријатија и трговските дифузни друштва заеднички, како радиодифузни организации би требало да се задоволни од распределбата на средствата што ќе се прибираат со радио - дифузната такса. Предложениот процент 3% од просечната плата за последниве три месеци одјавено во "Службениот весник" би можела да биде и помала за некоја вредност. Мислам дека досегашната такса беше превисока, па за сметка на тоа голем дел од таксата не се наплаќаше. Тоа може да се аргументира со факти. Бидејќи во некои западно европски земји задолжителната такса, како таква е, изнесува од 6 до 8 марки, тоа е пониско од 1%. Или, само една неофицијална информација дека во Словенија овој процент изнесува 1,8% во однос на платата. Значи Предлогот и тука е поголем од тоа што значи споредба со некои бивши ЈУ републики

Ако се доближиме до таа вредност, тогаш со сигурност ќе се зголеми и бројот на редовните претплатници од минатите години. Верувам до 40%. Затоа апелирам на вредност од околу 2% од просечната месечна плата или во денари би изнесувало од 150 до 200 денари.

Од друга страна, законот ќе ги штити оние радиодифузни организации што произведуваат програми, а се разбира ќе ги стимулира со финансиски средства со предвидениот број на проценти.

Периодот за кој се изготвуваше овој Предлог-закон беше навистина долг и мислам дека предлагачот имаше доволно време за подготовка, за разговори, за компарации да ги сослуша сите страни од кои ќе извлече корисни заклучоци и овој Предлог-закон што побрзо да се ефектуира.

Ме интересира една работа со овој Предлог на закон, радиодифузната такса е транзитен приход на Буџетот на Републиката.Одлука за распоредување на средствата од член 77 алинеја 4 од овој закон , по одделни корисници на предлог на советот донесува Владата на РМ. Се прашувам што ќе се случи со оние градови што имаат голем број радио и ТВ станици, а што со оние кои имаат или немаат или имаат само една радиостаница што не е јавно, туку трговско радиодифузно друштво? Како ќе се распоредува процентот од 5% за јавните дифузни претпријатија и 10% за трговските радиотрговски друштва? Дали тоа ќе биде во зависност од бројот на корисниците кои живеат на тоа подрачје и ги користат услугите на радиодифузерот, односно со предвиденито технички проект кој се поднесува за добивање на концесија или ќе биде само за атарот на општината во која е сместено радиодифузното претпријатие?

Во врска со законот имам две амандмански забелешки што мислам дека пратениците ќе ги подржат.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници,

пред точно 10 месеци од кога ова Собрание го разгледа Предлогот за донесување на законот за радиодифузната дејност, денеска на дневен ред го имаме конечниот текст, Предлогот на закон.

Пред нас имаме текст на закон кој ги помина комисиските расправи, а ја има и експертизата на експертите од Европската унија за радиодифузија. Најголем интерес во овој закон предизвика делот за локалните радиостаници што досега се финансираа од Буџетот на РМ, а кои што според Законот за локална самоуправа, како што објасни министерот, поминуваат во ингеренции на локалната самоуправа.

Но, бидејќи во Буџетот на општините аз оваа година не верувам и за наредната дека се предвидени средства за оваа намена, во овој закон е предвидено дел од радиодифузната такса во висина од 5% да се одвојува за локалните радиостаници. Значи, сепак и со овој закон е обезбедува нивно натамошно финансирање и според вчерашната расправа во Комисијата и според зборовите на министерот, овој процент од 5% обезбедува финансирање на досегашно ниво на овие локални радиостаници. Јас тоа го подржувам и мислам дека е добро да водиме грижа за тоа што сме го создавале 50-тина години, каде државата вложувала средства за развој и не треба со една брзоплета одлука сето тоа да го рушиме.

Во законот се предвидени две нивоа за формирање на радиодифузни организации: радиодифузна организација на територијата на РМ и на локално ниво.

Ако се добие концесија за локално ниво на телевизиска и радио станица тоа треба да биде гледано, односно слушана најмалку во две несоседни општини. Оваа одредба мислам дека може да предизвика разни несакани проблеми при реализацијата, со оглед на новата територијална поделеност. Во Законот не е дефинирано што се подразбира под локално ниво.

Од друга страна, доколку се добие концесија за вршење на територијата на РМ, на државно ниво, потребно е таа ТВ куќа или тоа радио да покрива 70% од територијата на државата. Со оглед на состојбите што ги имаме во РМ, околу 70% од населението живее на 30% од територијата, можеби би било подобро оваа покриеност со 70% да не се третира како територија, туку како население. Да биде во функција слушаност или гледаност.

Исто така, во овој закон не е прецизирано до колку некоја организација добие концесија за вршење радиодифузна дејност на територијата на цела држава, во кој рок треба таа концесија односно тоа право да го реализира во целост? Знаеме дека ТВ мрежа или радиостаница не се гради преку ноќ. За тоа е потребно време. Во таа смисла јас предложив еден амандман кој што подоцна ќе го образложам, да се даде рок не подолг од 5 години ако некоја куќа добие концесија, во рок од 5 години да ја оствари. Не може преку ноќ таа да се оствари.

Недоумици создава и карактерот на Советот. Според текстот на законот Советот го избира Собранието, а според надлежностите тоа е помошно тело на Владата. Ќе спомнам само два члена за ова да го илустрирам.

Во член 22 се вели дека Советот предлага и дава мислења, подготвува предлози на Владата и т.н. за концесии, кому да се додели, а

кому да се одземе право. Во членот 23 се вели дека Советот е независно тело што ги претставува интересите на граѓаните. Едното со другото не кореспондира, туку се коси, а според мои сознанија за независен Совет се залагале и експертите на Советот на Европа.

Затоа јас подготвив амандмани што ќе ја исправат оваа, според мене грешка, меѓутоа подоцна дознав дека според Законот за концесии Владата е таа што има единствена надлежност што има за доделување на концесии. Така што од тој аспект ги повлеков амандманите затоа што веќе ќе се косат со Законот аз концесии.

Сепак, не мислам тука да застанам. Мислам дека во овој момент е потребно да се изготви и предлог за измена на законот за концесии каде што Владата нема да има единствено, ексклузивно право за доделување концесии, туку покрај Владата концесии да може да доделува и орган овластен од Собранието на РМ, уредено со закон. Тогаш веќе ќе може и овој Совет да ги има сите овластувања според овој член 23, односно навистина тој да биде независно тело со доредени права, надлежности и одговорности, се разбира.

На крајот сакав да кажам ми пречи, но не подготвив амандмани, тоа што во Законот не е уредена висината на концесиите, односно колку концесијата ќе чини за кое ниво на радио и ТВ дозвола. Тоа е дозволено да го уредува Владата. Јас веќе овде неколку пати зборував, ние полека носиме декларативни закони, а сите овластувања ги даваме на Владата, наместо тоа да го уредиме веднаш со закон, само да кажеме Советот или Владата го спроведува и дозволуваме Владата да води политика. Бидејќи тоа така и ќе остане, најверојатно, од оваа говорница апелирам до Владата во прво време таа концесија да биде скромна за да можат да ја поднесат најголем дел од постојните РТВ куќи за да не настане укинување на голем број од нив.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ума збор г-дин Фаик Абди.

**АБДИ ФАИК:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Убаво го прочитав законот, амандманите што ги поднесоа пратеници по комисии и мислам дека Владата односно министерот за сообраќај и врски направи голем чекор напред, заедно со Владата при подготвување на овој закон за радиодифузија. Мислам дека овој закон ќе претставува пречка на сето она дивеење што се јавуваше во РМ кој како сака ќе информира, кој колку сака ќе информира, кој кого сака ќе критикува, кој која партија ќе форсира, кој ќе пцуе, кој ќе омаловажува и тн и т.н. Се најлошото и се најдоброто. Овој закон тоа го регулира. Фала богу што е дојдено до еден таков закон. Мислам дека треба да му дадеме голема поддршка.

Никој од нас нема право да каже дека овој закон не е валиден затоа што ќе имаме други закони и друга Влада во септември. Што знам, ќе имаме избори и т.н. Затоа што уште не сме ги донеле основните работи според кои треба да одржиме избори. Кога ќе ги донесеме овој Парламент ќе седне, ќе каже кога ј?е бидат изборите. Можат да бидат утре, може да бидат во мај, според некого , а може да бидат и регуларни, тогаш кога ќе им истече мандатот. Пак ние заедно овде ќе разговараме овде за таа работа. А не некој однапред да биде, да launched речеме Оџата од Битола, да каже дека тогаш и тогаш ќе има избори па меѓу народот разни шпекулации.

Пред да поминам на законот би сакал да кажам нешто околу МТВ, дека барем досега, според мене, го има монополот на сите информации. Тие што сака да ги каже и не сака да ги, каже. Македонската

радио телевизија. Ако за една таква куќа, јавна радиодифузна куќа, како што е МТВ не е важно состојбата при минатата седница и кога овде поставував 8 или 9 пратенички прашања, каде што беа во прашање не аферата ТАТ 100 - 200 милиони марки, туку многу - многу повеќе пари и ништо да не се каже во јавноста, на дневниците за тоа, тоа е голема срамота. Човек може и да се сомнева по малку зошто вака постапуваат. Но, не е битно, јас мислам дека ќе имаме средба на највисоко ниво таму во Телевизијата, ќе бараме одговор зошто е тоа така.

Да продолжам околу законот. Анализирајќи го во детали законот, можам да констатирам дека произлегува од сите основни решенија впишани или се преземени од Повелбата на ОН, од Советот на Европа од Парламентот на Европа , другите органи и организации и институции европски и светски и мислам дека одговара, се компатибилни на западните со тоа што на демократски начин ги уредуваат овие односи во оваа сфера на информирање на граѓаните на РМ.

Само едно е интересно, ние сме РМ па изгледа сеуште не можеме да се отргнеме од таа ситуација, јас сум живеел на запад во Австралија, знам тамо само 7 канали односно 4 канали и каналот за националностите. Овде, кај нас, секое маало, секоја населба има своја телевизија, свое радио итн и кој знае што ќе правиме понатаму?

Но, гледајќи го нашиот национален состав, мислам дека членовите 44 и 45 зборуваат за информирање на мајчин јазик односно на националностите. Оваа работа треба што повеќе да се негува заради тоа што кога на свој јазик човек слуша вести и информации му го зголемува духот и создава една друга општествена свест кај човекот аз поголема толеранција и соживот во својата држава , во случајов во РМ. Ова треба да се негува.

Во делот каде се зборува за критериумите под кои се образуваат радио дифузните куќи и техничките и други нормативи, знам дека многу такви радиодифузни куќи не ќе можат да ги исполнат тие технички нормативи. Би се ангажирал, нека Владата уште еднаш погледа и донесе посебен акт особено за националностите затоа што владее сиромаштија. Не можат тие да вложат такви средства да направат такво нешто што би значело "Сител" или "А-1" или шт ознам што. А, треба да ги има. Треба да ги има во својата општина, во местото каде што живеат. На ова треба многу да се внимава, инаку , вчера имав средба со претставници на тие куќи, подготвени се да дојдат на разговор кај министерот, па ако треба кај премиерот односно Советот за Европа директно.

Јавните медиуми играат голема улога во создавањето на општествената свест ан демократичноста и толеранцијата и меѓусебното почитување на граѓаните. Многу десно и многу тешко би прифатиле одредени мислења што низ медиумите, без разлика дали е МТВ или другите медиуми ќе се прошири, пушти една вест лоша, се знае таа лошо делува на чувствата, на нашите сетила и се пренесува во средината од каде доаѓаме, живееме. Сето добро на друг начин се интересира. Секое погрешно толкување од страна на главниот и одговорен уредник или спикер, една, погрешно прочитана дава друга смисла на реченицата. Тоа значи ќе треба нашите јавни радиодифузни куќи да имаат квалитетен кадар, кој ќе знае што значи запирката во една реченица. Јас не сакам да се послужам со пример, сигурно и Вие знаете такви примери, човека или ќе го носи ан бесилка или ќе го тргне од бесилка.

Амандманите дадени од колегите пратеници заслужуваат големо внимание. Го прочитав она што го прифати министерот, добро е. Има и други амандмани што треба да бидат прифатени заради подобрување на

текстот и заради осовременување и расчистување на одредени состојби кои што на изглед изгледаат чисти , а се матни. Според тоа, да не бидеме толку цврсти , да бидеме малку растегливи за да може овој закон да помине. Долго се чекаше на овој закон, многу време се чекаше. Ние, уште во неговата преамбула, така да се изразам , колку закони се спомнуваат и други, значи ние сега прв пат имаме спој со овој личен закон на РМ, на самостојна и независна држава и заради тоа треба многу ова да го цениме и треба да го цениме трудот на луѓето што го работеа законот.

Благодарам многу.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Јас сакав само неколку збора да кажам по повод доенсувашњ на овој Закон.

Прва причина ми е тоа што го сметам за мошне важен заради дорегулирање на односите на овие наши , во системот и заради тоа што сметам дека оваа сфера на овие нови услови на плурален начин е регулирана, сеуште и за нас сите не ни е ни доволно позната, ни доволно заокружена како општествена свест, затоа што е оваа сфера, а и за тоа како таа може во општеството, во јавното мнение и во животот на слободата на зборот и информирањето на граѓаните да се одвива.

VIII/1/ПЈ/лј

**ХИСЕН РАМАДАНИ**: (продолжение)

Навистина, ние имаме претстава за телевизија само во системот кога беше само државна телевизија и кога беше лесно да се регулира со се нејзините задачи и нејзината улога. Сега имаме една сосема друга основа за регулирање на овие односи и затоа јас не очекувам со овој прв закон и се до негово заживување да бидат сите работи толку прецизно дорегулирани, за да повеќе нема што да се каже натаму. Најверојатно, праксата нас ќе не корегира во некои работи, но тоа не треба да не деморализира, за да законот сега не почне и не заживее, за да може на еден регуларен начин да почнат работите да се одвиваат. Јас ова го кажав, бидејќи имам разбирање за многу да кажам дилеми и прашања што ги отвораат моите колеги, но имам разбирање и за предлагачите на законот, бидејќи во оваа фаза со свеста со која располагаме за оваа материја во плурални услови уште може би не сме до крај ги сознале сите наши и можности итн, за одвивање на оваа дејност.

Инаку, по моја оцена мислам дека оваа последна верзија на законот прави чекор напред во смисла на остварување на членот 16 во уставот, значи на слободата на говорот и на информирањето. Може да се каже во низа аспекти и од принципиелна гледна точка, и од операционализација законот некои работи дури и ги повторува за да ги доистакне позитивните страни на овозможување на таа слобода на говор и на информирање во јавноста.

Од друга страна мислам дека законот би бил должен да внесе одредена одговорност во јавниот збор во системот на информирање, особено на оваа мошне деликатна и мошне чувствителна област во информирањето. Затоа, јас ги поздравувам сите овие делови во законот, кои што на еден начин сакаат, не знам колку ќе бидеме во можност, оперативно тоа да го оствариме да го заштитат достоинството на човекот, на националните заедници, на хуманоста со еден збор на

целото општество. Мислам дека е добро тоа што е санкционирано и во стартот кога е кажано што не е дозволен о во јавниот збор во оваа сфера, така да кажам да се емитува, а од друга страна, и да се казнува ако на тоа не се обрнува внимание.

Само телеграфски, ако ми дозволите, да кажам за некои работи кои овде се ставаат. , еве мое мислење да кажам. По однос на советот, бидејќи најчесто и скоро во сите дискусии беше подвлечено тоа. Мислам дека наиде на мера во оваа верзија на законот на еден орган, каде што треба да сосема слободен начин да опсудува, да вреднува и да предлага решенија, сосема самостојно и измеѓу тоа из вршен орган кој тој предлог да го уважува, односно санкционира и после потоа си ја зема оперативната одговорност за негово спроведување. Инаку, што се случува ако биде обратно. Сам по себе, издвоениот, самостојниот орган, за радиодифузна дејност ќе биде државен орган кој мора да располага со сила за санкции з а спроведување на тоа што ќе одлучи. Дали сме свесни дека ако сакаме некоја си апстрактна, издвоена самостојност од системот дека таа ќе не влече кон нешто друго. Јас дури кажав дека знаете дека е многу добро стегнат, условно речено, Советот за својата работа. Прво, го бираме ние. Тој е највисок орган, нема кој да го бира друг.

Второ, тој не дава мислење за концесиите, тој предлага. А поимот предлагање, значи дека оној што одлучува не може без предлог. Ако не го прими предлогот треба да го врати на предлагачот да предложи друго. Но, тој предлага пак. Значи, одлуката е условена со предлагање.

Трето, Тој има мандат скоро како ние пратениците. Прашање е тоа, може би, јас реков да не е предимензионирам, тоа го кажав на Комисијата. Но, не сакам да ве оптоварувам Вас. Но, тој е, така да кажам дигнат дигнитетот, кој што е максимален во овие услови.

И на крајот да кажам дека и не се слагам, тој формира посебна стручна служба. Јас мислам дека таа работа може би ја врши службата

во рамите на Владата, која што се б ави со информриањето, ако остане таа служба. Ако се укине, тогаш тоа е друга работа. Но, мислам дека дуплирање на службите, во секој случај се залагам такво нешто да нема. Или по можност, да се редуцира во најмала рака.

Второ, мислам дека има една рационална дилема за која јас го разбирам предлагачот дека тој во овој момент не може да излезе заради фактот што постои закон за локална самоуправа, меѓутоа, кој што во пракса објективно ќе се јави. Ние на ниво на јавните организации за радиодифузна дејност, не ќе можеме до крај да останеме само двете стриктни категории во иднина. Но, мислам нека не коригира праксата по донесувањето на законот. А тоа е, само на државно ниво и на општинско ниво. Зошто? од проста причина што сега направивме 124 општини, кои што сите засебни локални радио-дифузни станици не ќе имаат потреба, може би како јавни. Не можеби, дури би рекол сигурно, како јавни не ќе имаат потреба да ги има. И како можеме да им забраниме на пет такви општини со договор да имаат едно. Сега што ќе се случи? Тие пак тоа ќе го направат и ќе го пријават и ќе го пријават како една општина, а гледаност мислам во Тетово, еве условно земам, таа ќе биде таква гледаност каква што си е. И сегашните, не јавните, значи и приватните се гледаат на територијата на полошка котлина во целина и на други места Затоа, мислам дека веројатно и натаму ќе се доработи, а и тогаш рековме дека во рамките на законот за локална самоуправа, дека водостопанство, нус стопанисувањето во одредени региони е природна целина. Или други сфери на животот. И тие ќе мора да настанат како нормални токови на потребите на луѓето и на организациите, но мислам тоа не го спречува овој старт да биде како што е предложено.

Инаку, да заклучам со ова кога се работи за јавното претпријатие министерот овде добро образложи во разни држави како стојат тие јавни претпријатија и сега што станува во Македонија на државно ниво.

VIII/4.-

Дали ќе имаме на државно ниво повеќе јавни претпријатија кои што ќе бидат обврзани да го покриваат целото подрачје, или ќе имаме едно јавно претпријатие до кое што на ниедна партија во можност не треба да припадне и која треба строго да се чува во нејзината самостојност, но, која на еден начин, з а сите граѓани и по јазични подрачја, ќе ги услужи согласно потребите и интересите на целата држава. Може би тука малку сум сеуште оптоварен со старото, но мислам дека една јавна, државна радиодифузна организација, треба. и Оттука треба да се тргне, сега, дали еден ипол, 2 или 3, а не од тоа дали сега цениме дека таа создава монопол, не создава монопол итн. Односно другото прашање. Дали оваа мрежа, како што ја викате на овие механички односно техничките услови за работа на радио-телевизијата во Република Македонија, ќе бидат на секоја посебно да се воспостави свој систем на технички услови или тоа ќе бидат единствени, здружени во една организација која што ги служи сите и наплатува одредена такса. Па, замислете во една Македонија каде што можеш за два саата да стигнеш во секој крај, секоја локална и јавна радио-станица, да има посебни свои системи, рели, како се викаат не сум стручен по таа работа. Мислам дека е тоа не само нелогично, туку нерационално, и за секој субјект во таа област да учествува. Тоа е нерационална.

На крајот на краиштата мислам дека и по меѓународните конвенции не сме неограничени, во фреквенциите. Ние веројатно, ќе имаме некоја граница која што не можеме да ја надминеме и според тоа не можеме да ги задоволиме сите ако не ставиме некои стандарди. Според тоа и стандардите се објективна потреба. Еве, сакав да кажам со ова дека, прво, концептот не е неприфатлив, може да се прифати, а мислам дека има простор за негова доработка и натаму.

VIII/5.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван г-дине министре, почитувани пратеници.

Треба, да се признае дека со предлог законот за радио- дифузната дејност кај нас, која е денес на собраниска расправа направено е големо поместување напред, како во однос на периодот кога постоеше хаос во оваа чувствителна област, така и во однос на првата варијанта на текстот, која имаше бројни слабости и недоречености.

Овој предлог системски значаен закон, со кој се претендира темелно да се преуредува односите во радио-дифузната мрежа, кќе треба да овозможи оживотворување на придобивките на Уставот што се однесува до јавното информирање, како и развојот на демократските и плуралните односи. Општо е познато дека една држава не може да се демократизира ако пред тоа не ги демократизира средствата за јавно информирање, и овозможи слободен развој, на радиодифузната дејност. Оваа предлог законска регулатива, за уредување на мошне значајниот систем на радиодифузна дејност, која најверојатно ќе се прифати, секако е за поздравување што беше предмет на експертиза од страна на Советот на Европа, при што текстот на законот е исполнет со искуствата на демократските земји во Европа во оваа област.

Исто така, евидентно е дека при изготвување, на предлогот на законот беа вградени предложените решенија на Собраниските комисии. Исто така, тука не смееме да заборавиме, соработката, што беше помеѓу Комисиите, во Собранието, и посебно министерот за сообраќај и врски, кој даде голем придонес, и ова треба да биде пример, и кога донесуваме и други закони, значи, за другите министерства и за другите министри.

Покрај ваквиот приод, и конкретните претпоставки, за соработување на односите во оваа област, со донесувањето на еден квалитетен закон, и понатака остануваат некои дилеми во текстот, кои би можеле, негативно да влијаат во процесот на оживотворувањето на потписите. Во овој контекст прашањето на концесиите, останува дискутабилно. Покрај посветеното влијание на критериумите при давањето на концесии за вршење на радио-дифузбна дејност на локално ниво од друга страна со членот 18 од овој предлог закон, се одредуваат лимити, односно бариери за непречено хоризонтално ширење на оваа дејност, со критериумите, за покриеност на територијата на Република Македонија, за радио-односно телевизиски сигнал. Оттука, не може да се сфати стравот на предлагачот од евентуалното ширење на оваа дејност и од локално ниво во повеќе од една или две општини. Како второ во законот се воспоставува нова посебна глава Совет за радиодифузија која се дефинира како независно тело кое би требало да ги затапува интересите на граѓаните. Овој совет што треба да биде независен сепак останува со нејасни ингеренции, всушност ќе функционира по директивата на извршната власт која ќе ги има сите инструменти на контрола. Друго прашање е кој го избира овој совет. Нивниот мандат, и уставноста на одредбата со која се одбегнува можноста за отповикувње, додека им трае мандатот, што се истоветува со положбата на пратеникот избран од народот. Непобитен е фактот што предлагачот, што со предлогот на законот за радиодифузија со право се очекува и разрешувањето на финансиското прашање на радиодифузните субјекти.

Со утврдувањето на давачките на граѓаните во висина од 3% од просекот на платите во последните три месеци, што според мое мислење покрај минималното снижување на процентот, останува висок, имајќи го предвид фактот за социјалната состојба во земјава, каде има маса невработени и многу стечајни работници и многу работници кои земаат минимален личен доход, кои ќе бидат исто така обврзани

оваа такса за радио-дифузија да ја платат со чекот на електрична енергија.

Вистина е, дека со донесувањето на овој закон ќе се прекине хаосот од 1991 година и натаму, ќе се легализираат субјектите од оваа област, ќе се создаваат рамноправни услови за сите, постабилни извори на финансирање и други предности. Но, останува прашањето зошто несе регулира во целост позицијата на локалните радио станици, зошто не се дозволува заедно радиото, телевизијата и весникот, што ја разбранува јавноста, поради фактот што не е примерно во светот. Зошто е утврдено лошо финансиско структурирање со кое се запоставува локалните или зависните радио, телевизиските станици во споредба со македонската телевизија.

На крајот, овој закон за радио-дифузија, всушност може да остане само празна буква на хартија, ако утврдените прописи не се оживотворат во практиката.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, се согласувам со претходните дискутанти кои изразија задоволство што конечно на дневен ред дојде и Предлогот на законот за радиодифузна дејност затоа што сметам дека е закон од посебна важност кој ќе биде донесен од страна на пратениците во овој мандатен состав.

Сметам дека премногу се доцни со донесувањето на законот, посебно оценувам дека не беше потребна десеттомесечна пауза од разгледувањето на законот во нацрт верзија во Собранието до денешниот ден посебно ако се има предвид фактот дека експертизата од страна на експертите на Советот на Европа е завршена во декември 1995 година.

Исто така мислам дека воопшто премногу доцни Парламентот со донесување на овој важен и суштински закон кој, како што рековте треба да стави точка или крај на конфузијата во оваа значајна дејност во РМ затоа што РМ е една од ретките ако не и единствена поранешна социјалистичка држава која волку доцна донесува ваков суштински закон, посебно ако се имаат во предвид информациите дека на пример Словенија и Хрватска вакви закони донесоа пред шест или седум години некаде 1990-1991 година.

Обврската Собранието на РМ односно државата Македонија да го донесе овој закон впрочем е посебно потенцирана и во моментот на приемот на Македонија во Советот на Европа каде е дадена оценка од страна на Советот дека Македонија заостанува во оваа област и на некој начин и е дадена задача да ги динамизира активностите за донесување на ваков законски проект поради несредените состојби во таа област.

Сметам дека решавањето на односите во оваа сфера е посебно важно поради тоа што остварувањето на гарантираните човекови права и слободи и нивото на развојот на демократијата и демократските про-

цеси покрај другите инстиутции по многу нешта зависи и од начинот на регулирањето на материјата која е предмет на овој закон и мислам дека начинот на кој ќе ги поставиме работите со овој закон повеќе ќе зборува за нивото на демократијата во РМ од колку било кои наши декларативни изјави или залагања изразени во многу контакти со меѓународни јавни личности или на меѓународни собири.

Оценувам дека е добро што Владата прифатила еден дел од забелешките кои беа дадени во експертизата на Советот на Европа, меѓутоа, исто така изразувам незадоволство од фактот што еден добар дел од најсуштествените забелешки искажани во експертизата на експертите од Советот на Европа Владата ги нема земено во предвид и не се вградени во текстот на предлогот на закон и мислам дека Владата за одредени решенија посебно кога е во прашање Советот за радиодифузија нуди можеби уникатни решенија што праксата никаде не ги потврдила како добри формули во некоја од државите кои треба да ни бидат за пример.

Сметам дека без разлика што еден дел од забелешките од експеритер на Советот на Европа и од дискусиите искажани во претходната фаза кога расправавме овде за законот за радиодифузна дејност се прифатени сепак фактот што најважните забелешки не се прифатени фрла една темна сенка на овој закон затоа што според мене, една од клучните работи кои ја дефинираат оваа област е токму надлежноста на Советот за радиодифузија кој по мое длабоко убедување треба да биде до максимум независен, непристрасен и автономен во своето дејствување, а во случајот така како што е поставен со овој законски проект мислам дека повеќе претставува еден формален и вештачки уфрлен орган заради залажување на јавноста дека има некаква демократичност во сето ова. Посебно тоа го потенцирам со фактот дека Советот за радиодифузија се избира со обично мнозинство односно со над 50% од пратениците во Собранието на РМ што практично значи дека парламентарното мнозинство да си избере состав каков што

сака на Советот за радиодифузија и во потполност се согласувам со забелешките од Советот на Европа дека требало да се направат максимални напори да се вгради законска одредба членовите на Советот за радиодифузија да се избираат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници во Собранието на РМ.

На експертите им било речено, според ова што го пишува во материјалот дека за тоа постои уставна пречка затоа што точно Уставот дефинира кои работи се донесуваат со двотретинско мнозинство, меѓутоа, Уставот важи само и ги набројува кои се тие закони од системски карактер што се донесуваат со двотретинско мнозинство. Кога се во прашања одлуките мислам дека Собранието може со посебна одлука да одлучи некои работи да ги разрешува со друго мнозинство, а не со обично мнозинство посебно за така важна материја како што е изборот на Советот за радиодифузија за да обезбедиме независност, непристраност и автономност и посебно заради должината на траењето на мандатот.

Исто така сметам дека самите надлежности на Советот за радиодифузија се премали и премногу ограничени затоа што Советот за радиодифузија нема изворни надлежности сам да одлучува, туку тој само предлага, а сепак одлучува Владата на РМ, што значи дека не се работи за оваа Влада туку било која Влада може да ги прифати односно да не ги прифати предлозите на Советот за радиодифузија односно да дава концесии по сопствен вкус и извор во зависност од тоа дали се допаѓа или не се допаѓа уредувачката политика на барателот на концесија за вршење на радиодифузна дејност во РМ што исто така мислам дека е лошо решение

Значи, се залагам за тоа, а тоа го направивме и со предлагање на конкретни амандмани по текстот на законот, Советот да добие изворни надлежности значи да одлучува за давањето на концесии за вршење на радиодифузна дејност, да одлучува за распределба на средства кои ќе се прибираат од јавната давачка за радиодифузија, исто така да има

изворни надлежности за следење на спроведувањето да не бидам широк, на законот за радиодифузна дејност за вршење на надзор во оваа област и за предлагање или извор на генерален директор на јавното радиодифузно претпријатие МРТ.

Ова што го зборував ќе го поткрепам со цитирање на одредени алинеи од експертизата на експертите од Советот на Европа, впрочем тие важноста на некои определби ја имаат кажано уште во генералните опсервации каде што велат дека треба да се посвети посебно внимание на радиодифузната дејност во Македонија особено нејзината способност да го поддржи плурализмот на радиодифузните организации, не сум уверен дека Владата со овој предлог направила доволно за да се запази плурализмот во радиодифуната дејност во РМ затоа што мислам дека законскиот текст е премногу рестриктивен за што дискутираа еден дел од претходните дискутанти посебно заради високата квота од 70% на прокриеност на територијата за добивање на концесија за вршење на радиодифузна дејност на територијата на целата држава посебно затоа што не е даден никаков преоден рок.

Јас би се согласил да биде толку висока квотата, меѓутоа, Владата да биде пофлексибилна и да предложи одреден преоден период на пример тие претпријатија да почнат во почеток со 30%, па за неколку години да стигнат до 50% и за 7-8 години да ја достигнат квотата од 70% затоа што сметам дека ќе бидат оштетени граѓаните на РМ затоа што ќе им биде усратена можноста да следат информации и да ги вкрстуваат тие информации односно во еден добар дел од територијата на РМ ќе бидат принудени да ги следат само програмите на МРТВ, а не и на другите радиодифузни куќи кои во моментот функционираат во РМ, или можеби Владата требало да има подруг пристап, па да овозможи полиберално користење на концесиите за користењето на предавателите и врските посебно да ја испита можноста за вградување на додатна

опрема на сегашните предаватели и врски кои ги користи МРТВ затоа што со многу помала инвестиција можеби ќе се заштеди во фрлањето на залудното трошење на одредени средства за изградба на нови предаватели и врски за сите нови заинтересирани претпријатија кои ќе сакаат да емитуваат програма на територијата на целата држава.

Исто така експертите велат дека треба посебно внимание да се посвети на обезбедувањето на независност на Советот за радиодифузија во Нацрт - законот за радиодифузија од аспект на неговиот избор и состав како и неговите функции.

Ова апсолутно не е прифатено и не е вградено како содржина во законот и посебно се важни уште две одредби кои би ги цитирал:

Експертите изразуваат сериозна грижа за вклучувањето на Владата во определувањето на условите дадени во член 14. Тие ја нагласуваат потребата од дистанцирање на Советот за радиодифузија од Владата и му даваат конечен збор на Советот во доделувањето на лиценца за радиодифузија.

Според најдобриот Европски закон и пракса регулативните тела за радиодифузијата имаат независна одговорност за оценување на заслугите на кандидатите за радиодифузни лиценци и донесуваат крајна одлука за лиценца ослободена од надзор на Владата. Ова значи дека Владата воопшто не го зела во предвид ова сериозно размислување на експертите кои велат дека европската пракса не познава ваков пример Советот за радиодифузија да биде во ваква позиција каква што сега му е наменета во Законот што е предмет на денешната седница .

Експертите прифаќаат дека Уставот го отежнува востановувањето на Советот за радиодифузија што би работел според горенаведениот текст Експертите истакнуваат определен број на измени што би можеле да се воведат со цел на Советот за радиодифузија да му се даде поголема автономија во неговите функции за лиценца.

Според мене, прашањето се сведува на добрата волја на Владата дали сака некои прашања да ги постави поинаку или не сака. Проблемот може да се реши со паралелно предлагаше на мали измени на законот за концесии каде би се дал исклучок концесиите за вршење на радиодифузна дејност да не ги дава Владата туку да ги дава Советот за радиодифузија и проблемот би бил на многу едноставен начин разрешен и би добиле закон кој би бил во потполност усогласен со европските стандарди.

Исто така би сакал на крајот да кажам дека подобро ќе беше доколку Владата паралелно со овој закон го предложеше и законот за јавно информирање и законот за МРТВ како јавно радиодифузно претпријатие, бидејќи ќе беа усогласени некои определби кои можеби требаше да се знаат благовремено. Исто така мислам дека определбата на Владата надоместокот од 4% да се намали само на 3% не е доволен затоа што лично сметам дека има простор тој процент да се намали уште повеќе посебно заради тешката економско-финансиска состојба во која се наоѓа стопанството во РМ, а индиректно преку тоа се погодени голем број граѓани на РМ на кои навистина ќе им биде тешко да ги подмират сите тие трошоци посебно затоа што треба да се направи математика дека од досегашните 300 и кусур илјади претплатници само 100 илјади претплатници го плаќале придонесот за користење на радиотелевизиски приемник.

Сметам дека Владата треба да биде расположена да ги прифати амандманите за намалување на овој надоместок со одредени укажувања до раководителите на МРТВ дека треба да направат максимални усилби да се престројат согласно новонастанатите услови за да може со порационално користење и на живата работна сила и на просторот и на времето и на парите да направат оптимални услови за извршување на оваа дејност.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Бузлевски, за мала интервенција,

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако веќе одиме да читаме одредени изводи од експертизата јас ќе продолжам да читам онаму каде што претходниот пратеник застана а се однесува на истиот текст на забелешките по истото решение кое е вградено во предлогот за донесување на законот.

Експертите посебно ги поддржуваат изготвувачите во нацртот да обезбедат детални мандатни услови што кандидатите треба да ги исполнат за лиценца на радиодифузијата. Значи, добиена е поддршка за она што е дадено како услов, како критериум, како мандатни услови за добивање на концесија. Овој детален приод може да ја избегне потребата за понатамошно донесување на пропис за делот на Владата. Доколку условите се јасни и исцрпно детализирани советот за радиодифузија ќе биде овластен да го предложи емитувачот за кој смета дека најдобро ги исполнува барањата да добие лиценца или кај нас концесија.

Улогата на Владата едноставно би била ограничена на ратификување на текстот кој е даден на Предлогот од Советот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Коцевски бара реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Не сме се разбрале изгледа со министерот, јас кажав дека добар дел од забелешките од Советот на Европа се вградени, меѓутоа, мислам дека за погрешни работи се фативте затоа што првата одредба што ја прочитавте, значи дека е добро што ние како пратеници во законот ќе ги прецизираме точно условите под кои ќе се дава концесија, за да нема Владата избор на надлежност таа да го прави тоа со подзаконски акти. И тоа не е спорно, јас не, тоа нема никаква врска со Советот за радиодифузија со тоа што јас претходно го зборував. Сосем се работи за друга работа и добро е што е така и што Владата го прифатила тука и

исто така>. второто што го прочитавте се однесува на тоа што затоа што вие сте ги уверувале експертите од Советот на Европа дека Уставот го отежнува востановувањето на Совет за радиодифузија што би работел според горенаведениот текст. Значи некој од вас што се преговарале сте ги уверувале дека Уставот е пречка за да Советот за радиодифузија има такви надлежности какви што има во сите европски држави, и заради тоа тие велат дека треба состојбата да се доведе до таков степен за да Владата само формално ги аминува одлуките на Советот за радиодифузија затоа што ќе има голема самостојност.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Министерот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас мислам дека се разбравме, меѓутоа имаме различни погледи на тоа.

Што се работи, се работи за два вида на надлежности кои што се пропишани и тоа надлежност за доделување на концесија според Уставот и според законот за концесија во која постапка и на кој начин таа се доделува. Ние, не само да ги уверувавме, туку тоа им го презентиравме на експертите да го видат, да го прочитаат.

Околу Советот за радиодифузија прашањето дали Советот треба да се избира со двотретинско мнозинство од пратениците на Парламентот вие тоа, дефакто не го прифативте и не е ништо лошо што не прифаќаме а што сметаме дека е прашаше кое има поинаква тежина во однос на тоа што тие го прокламираат затоа што јас на еден од членовите на експертскиот тим му кажав дека тоа и во вашата земја не е така. И навистина не е така во неговата земја. И ако бираме Влада со 61 пратеник, тогаш со двотретинско мнозинство се знае по Уставот кој се бира и кои закони се носат. Тука има посебен член за тоа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Деловничка интервенција бара г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи стана збор во врска со изборот за советот, јас морам да кажам дека Собранието работи само врз основа на Устав и Деловник за работа и дека тоа прашање е уредено во членот 69 каде кажува дека Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број пратеници, Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присутните пратеници, а најмалку со 1/3 од вкупниот број на пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство. Значи за бирање на советот, ако Уставот единствено определил квалифицирано мнозинство, тогаш може да стане збор за тоа дека може да иде така, односно со такво мнозинство. Со таа одредба на Уставот фактички се забранува советот да може да биде биран со квалифицирано мнозинство. Оттука законот уредно ја уредил материјата.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине потпретседателе, господине министре, дами и господа пратеници. Според мое уверување изгледа сме на пат да донесеме добар закон за радиодифузија.,

Јас тука изразувам задоволство што некаде 90% од нашите забелешки и предлози кои беа изнесени било во првата фаза односно во фазата на Предлогот за донесување на закон, било сега на седниците на комисиите, и тоа е добро. Меѓутоа, изразувам незадоволство од причина што сепак 5% дд нашите предлози не се земени предвид.

Јас тука ќе зборувам во однос на тие5% што ги кажав, од причина што мислам дека практиката, некои решенија што постојат во Предлог-законот ќе ги демантира и практично ние повторно треба на овие клупи да седнеме и да расправаме какви нови решенија треба да понудиме.

X/2.-

Прво, дефинирањето односно концептот на Предлог-законот кој се определува да ги дефинира поимите, во точка 5 од член 3, поимот локално ниво го дефинира доста тесно. Го дефинира како емитирање во рамките на територијата на една општина и нејзината околина. Тоа се претпоставува во склоп на тие населби кои и припаѓаат на општината и ништо повеќе. Практично со ваквото решение ние ќе имаме два вида на радиодифузни организации.

Првиот вид се локалните радија, односно општинските радија или ТВ, било приватни било јавни. Можеби ќе ги има 123 или повеќе со овие приватни комерцијални, можеби некаде и 200 и тоа е сепак еден хаос во етерот. Значи, ќе имаме општински радио и ТВ и државни радио и ТВ. Значи тоа практично се екстремни, крајни решенија кои се нудат според поимот кој го дефинира локалното ниво.

Постојното дефинирање на овој поим, исто така, може да предизвикува дополнителни проблеми и тоа:

За постојните локални радија, било да се работи за јавни, било да се работи за комерцијални, или како што стои во Предлогот трговски друштва, практично од јавните ние ќе имаме од 29 колку што знам дека имаме во Македонија како локални јавни, би требало да имаме 123.

Исто така дополнителен проблем ќе претставува и прашањето на комерцијалните, односно трговски радиодифузни организации, од причина што тука ќе биде потребно, поаѓајќи од досегашната состојба, хируршки зафат и тоа длабок хируршки зафат. Зошто? Затоа што сепак тие радио и ТВ кои моментално функционираат, особено зборувам за комерцијалните, односно приватните, нивната опфатеност е на повеќе општини. Еве на пример ако го земеме за пример полошкиот регион. Тамошните радиодифузни организации покриваат дваесетина општини. Што ќе правиме со нив?

Практично, од моментот кога овој закон се усвојува треба нивните фреквенции да се сечат и практично тие да функционираат во рамките на една единствена општина.

Што ќе биде на пример со телевизија А1 која со голем интерес се гледа во Полошкиот регион. Што ќе биде со ТВ Сител, ТВ Арт и многу други радио и ТВ станици. Затоа треба многу подлабоко да размислиме, дали да се согласиме за предложените измени со амандман, на поимот локално ниво. Мислам дека би требало да се согласиме, од причина што таквата определба што стои во членот 3 точка 5, не само што е во спротивно со Уставот на РМ, туку е во спротивност на самата логика. Тоа ме асоцира на бившата правна регулатива, на бившиот систем кој го уредуваше прашањето на работната сила во индивидуалниот сектор, каде пишуваше дека никој нема право да вработува повеќе од четворица или петмина работници. Значи државата се плашеше од премногу работници, бидејќи тоа ќе претставува опасност за државата. Тука значи државата се плаши, ако една радиодифузна организација ќе покрива повеќе општини. Сметам дека такво решение не би требало да постои.

Понатаму, да кажам уште зошто не би требало такво решение да постои. Господинот министер веројатно добро го знае Законот за телекомуникации. Таму им се овозможува да купуваат предаватели. Значи, од една страна Законот за телекомуникации купување на предаватели на целата територија на Република Македонија, а овој закон забранува да се емитира на повеќе општини. Аргументацијата е дека, па ако, кој сака да покрива поголема територија на територијата на РМ нека оди на повеќе од 70%. Меѓутоа, кој е тој човек кој може да обезбеди најмалку 20 милиони ДМ за да обезбеди таков ниво на емитирање на целокупната територија на РМ или со 10%, како што стои во законот.

Јас сметам, ако некој поведе постапка против ова решение, ова решение ќе се обори.

Второ важно прашање е следното:

Во повеќе држави постои соодветна организација, односно соодветно тело кое врши координација и организација во сферата на радиодифузијата и тоа посебно тело во различни држави. Различно се именува. Кај нас се именува Совет за радиодифузија. Значи, клучно прашање и кај тие држави, а сега и кај нас е како да се добие такво тело, самостојно и независно што едноставно ќе работи врз основа на закон и нема да има никакви објективи кои ќе детерминираат влијание од првенствено од Владата, од позиција на власта, а можеби и од другите структури, економски, информативни и тн., затоа што притисоците не значи дека мора да дојдат само од Владата, туку едноставно и од силните економски системи од силните информативни субјекти и тн.

Многу е важно ова тело да биде самостојно и независно од причини што од ова тело зависи доделувањето и одземањето на концесиите. Од ова тело ќе зависи распределбата на средствата кои се собираат од радиодифузната такса во тие сегменти кои се однесуваат на комерцијалните радиодифузни организации или локално јавните организации. Затоа ова тело секогаш е на мета на општи критики, било во однос на тоа дека се обвинува дека е поврзан со одредени политички структури, било за тоа дека има наклонетост кон одредени информативни структури и тн. Затоа тука постои јавноста и добро е што министерот вчера се согласи со предложениот амандман, дека во работата на Советот за радиодифузија треба да има јавност. Значи да се информира јавноста. Значи сите негови облици треба да им се презентираат на јавноста со сите просторни аргументи.

Трето важно прашање е дека во Предлог-законот стои дека концесиите се стекнуваат со конкурс.

Според законот за концесии, концесиите се стекнуваат на два начини и тоа: прво со конкурс и второ со општа понуда.

Зошто јас сум против институтот конкурс?

Јас сум против конкурсот од следните причини:

Институтот конкурс е доста инертен и доста фиксен и не остава простор на лицето кое има интерес, првенствено комерцијален интерес да врши одредена селекција согласно неговите интереси и барања. Затоа тука е понудата која е полиберална и таа на тие лица кои се заинтересирани да профитираат и во оваа област им дава можност да ги прилагодуваат своите барања и интереси и така да можат повеќе да ги усогласуваат своите барања во однос на концесиите, бидејќи тука е и простата логика, не може Владата подобро да знае што е интерес на тој што сака да постигне комерцијален интерес, а уште помалку може да знае Советот за радиодифузија.

Понатаму во Предлог-законот пишува дека конкурсот се распишува по потреба. Зборот потреба не е јасен во правната регулатива и може да доведе до конфузии. Тука е и Законот за локална самоуправа кој предвидува можност, секоја единка на локална самоуправа да има сопствена радиодифузна организација. Значи, конкурсот треба перманентно да биде објавен за сите 123 општини, затоа што тоа е потреба како што стои во Законот.

Четврто, исто така, важно прашање е прашањето на висината на концесиите.

Според Законот распишува конкурс за концесија, по предлог на Владата. Сега тука е прашање дали Владата, односно дали Советот за радиодифузија има можност да ги предвидува условите на конкурсот, односно има влијание да се предвидуваат условите на конкурсот, а со тоа и висината на радиодифузната компензација или не.

Во предлогот мислам тоа не е сосема јасно и дава можност на вакво толкување, дека Советот за радиодифузија само предлага и со тоа завршува нејзината дејност, а Владата потоа по конкурс, согласно законот ги предвидува условите, а и висината за радиодифузната компензација. Мислам дека овој член можеби утре веројатно ќе се најде пак пред нас, како треба да се решава.

Имам и други забелешки, меѓутоа со оглед на почитување на времето нема да се произнесам по нив.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Донесувањето на законот за радиодифузна дејност е потреба што се чувствува во последните пет-шест години, затоа што во негово отсуство со повеќе станува неподнослив амбиентот на беззаконие, хаос, пиратство, узурпација на фреквенции и краен непрофесионализам во областа на радиодифузијата, со целата нејзина чувствителност.

Со оглед на ваквата состојба овој закон треба час поскоро да се донесе и да се стави во ред во етерот на нашата држава и да се определат правилата за однесуваше на легалните радиодифузери. Тоа е основниот мотив кој не води да се залагаме да го донесеме законот за радиодифузна дејност, но од друга страна со голема загриженост обрнувам внимание дека со неколку одредби од овој закон со кој се регулира јавната радиодифузија на локално ниво, постојните 29 општински радио станици ќе се најдат во неповолна положба, а на повеќето од нив ќе им претстои, можеби и престанок со работа. Накратко, станува збор за следното:

Очигледна е нерамноправната положба на локалните и јавни радиодифузери изразено во член 77 од Предлогот на овој закон кој процентуално ја утврдува распределбата на вкупните средства собрани од

таксата што ќе се воведе со овој законски акт. Од овој член произлегува дека за локалните радиодифузери се предвидуваат 5% од прибраните пари за такса, за можни 123 колку што има општини. Можеби нема да има толку, можеби ќе бидат 50-60. Мислам дека овој процент не е доволен и би требало да биде некаде 8 до 10%.

За да се согледа положбата на овие јавни радиодифузери, локални, преку тие 5%, ќе се послужам со една мала пресметка низ апсолутни вредности, под претпостава дека таксата ќе се оствари 100%.

Годишно би се собрало околу 1 милијарда и 440 милиони денари. Некаде од прилика 400 илјади семејства по 300 денари за 12 месеци и од таа сума околу 72 милиони се 5%.

Се поставува прашањето како од оваа сума ќе се финансираат можни не 29 туку повеќе од 50-тина јавни локални радиостаници кога од сегашните 29 општински радиостаници од Буџетот се финансира со стапка од 75 милиони денари годишно. Очигледно дека тие средства ни од далеку не ќе можат да одговорат на најелементарните потреби на јавната радиодифузија на локално ниво. Оттука предлагачот на овој закон имплицитно упатува на финансирање од локални извори, со тоа што основачките права кон јавните радиодифузни претпријатија во општините ги отстапува на локалната самоуправа. Таквата поставеност уште веднаш ќе доведе до продлабочување на јазот помеѓу развиените и неразвиените затоа што ќе има општини кои според својата економска моќ не ќе можат на општинската радиостаница да и обезбедат солиден буџет и од неа да направат модерна РТВ куќа со развиени можности, наспроти што ќе има општини кои според својата стопанска неразвиеност ни од далеку не ќе можат ова да го задоволат. За жал повеќе општини во нашата Република ќе бидат во овие вторите.

Х/8-

Што се однесува до Крушево од каде што потекнувам, познато е дека тоа е општина која и натаму спаѓа во редот на стопански недоволно развиените општини. Општина во која квалитативните фактори на стопанисување и основните економско - социјални показатели без да одржат надолни трендови, општина која има се помал обем на сопствени буџетски приходи, па оттука не е тешко да се претпостави каков ќе биде статусот и развојот на радио Крушево и покрај сета поддршка која ужива од сите граѓани. Сето ова упатува дека за многу кратко време ќе се диференцираат оние општини кои ќе можат да финансираат јавна радиодифузија на локално ниво, за разлика од оние кај кои постојната општинска јавна радиостаница можеби ќе згасне и ќе останат без јавно информирање на општинско ниво.

Овде веќе останува место да истакнам дека финансирањето преку радиотелевизиската такса или претплата обезбедува каква таква економска независност, по принципот слушателот плаќа, слушателот има право да ја слушне вистината, што е многу важна за зачувување на професионалноста на новинарството, за сметка на буџетското финансирање што ја ограничува критичната слобода на сите медиуми. Тука треба да биде јасно дека Македонската радио-телевизија, со сета почит за неговата улога и значење како матична и национална ТВ куќа, објективно не може да биде јавен информативен сервис на граѓаните во делот на проблематиката од нивното секојдневие. Проблемите во животот и работата на едни граѓани на локално ниво реално може да бидат застапени на програмите на Македонската телевизија од 5 или 7 минути неделно, додека таа иста проблематика скоро во неограничен обем секојдневно е присутна на локалните медиуми. Всушност општинската радиопрограма постои за тоа за на нејзе да бидат секојдневно третирани најсуптилните проблеми и актуелни потреби во локалната средина, било за распишување на референдум, за

воведување на месен придонес било за тесни улици, немањето паркиралишта, изградба на канализации, водовод, електростопански објекти и тн. Со еден збор мноштво прашања од локален до суштински интерес за граѓаните на една општина.

Од друга страна програмите на Македонската радиотелевизија, во својата информативност во голема мера оправдано се потпираат на соработката токму од страна на општинските радиостаници, со што се овозможува и неопходната изворност во информирањето на јавноста за проблемите и настаните од внатрешноста на нашата земја. Тука е и реимитувањето на програмите на македонското радио од поголем број општински радио станици, во слободните часови, за да се обезбеди поголема чујност на македонската радио на просторите со неповолна конфигурација на теренот.

XI/1.- ЈМ/ЉР

**РИСТО МАРКОВСКИ**: (продолжение)

Токму овие факти постојните 29 општински радио станици вклучувајќи го и радио Крушево ги ставаат во приватна положба да бидат комплементарен фактот со Македонската радио телевизија со која и ја сочинуваат единствената јавна радиодифузна мрежа во Македонија. Затоа мислам дека овој процент од 5% за локалните јавни радиодифузери треба да биде поголем.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Со овој закон за радиодифизија кој веќе неколку години го очекуваме сметам дека треба да се обезбеди по самостојна и поголема улога на Советот за радиофифузија. Ова се со цел да се оствари независност на Советот во вистинска смисла која се прокламира во член 23 од Законот каде е кажано дека Советот треба да ги претставува пред се интересите на граѓаните. За остварување на ова неопходно е за најмногу битни прашања од радиодофузијата да одлучува Советот, а не како што е ставено во Законот само да предлага, бидејќи само со одлучувањето би ја добил правата улога. Во овој Закон е определено дека Владата ќе одлучува, а не Советот, односно ќе одлучува дека Владата го распишува конкурсот за вршење радиодифузна дејност, Владата одлучува за доделување на концесиите како и тоа дека Владата одлучува за евентуално одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност односно лиценцата како што беше кажано, или пак за повторно враќање и за распределба на средства по член 77. Сакам да нагласам дека за распределба на средства не постои никакво ограничување и во овој закон директно може тоа право да се пренесе на Советот, значи нема потреба Владата, бидејќи овој дел од надлежностите не е врзан со

Законот за концесиите, туку е врза исклучиво со донесувањето на овој Закон за радиодифузија.

Исто така сакам да нагласам дека духот на законот за концесија не одговара за радиодифузија, бидејќи во Законот за концесија кој што е донесен во јули 199 3 година е кажано дека стекнување на концесија може да се врши по пат на јавен конкурс, а и да се даде а може да се даде и врз основа на понуда ако на таков начин на давање концесија е предвиден со концесискиот акт и таму се предвидува дека ако се даваат по пат на понуда, а не е со јавен конкурс дека се поднесуваат до надлежни министерства итн. Сето ова укажува дека и без тоа заради усогласуваше, односно предвидување на една нова дејност Законот на концесии секако треба да претрпи измени и со тоа бис е овозможило веднаш по донесување на овој закон и по евентуално усвојување на тоа Советот да одлучува за концесиите, а не Владата да се оствари оваа цел, односно автономна и самостојна улога на Советот за радиодифузија. Со тоа сметам дека Советот би се ослободил од дневно политичките интереси и би бил навистина независен. Беше веќе кажано дека Одлуката која што ја донесува Собранието за изборот на членовите на Советот би требало да биде со едно повисоко мнозинство, со двотретинско мнозинство и усвојувањето на овој амандман кој предвидува поголем процент на потребен број на гласови за усвојување на Советот би придонел исто така за една навистина автономна и самостојна улога на Советот. Заради тоа исто така предлагаме бројот на членовите на Советот да се зголеми од 9 на 13 и евентуално 15 со што би се овозможило поголем бројна квалифицирани лица од разни профили да влезат во Советот и да одлучуваат навистина за едни битни прашања. Со овие изнесени работи доколку би се усвоиле евентуално навистина би имале еден силен, независен, стручен и компетбнтен совет

кој не зависел ниту до Владата, па ниту од Собранието со оглед на тоа дека би се предвидело двотретинско мнозинство, односно степенесто бирање на секој две години на определен број на членови на Советот.

По мое мислење почитувани пратеници висината на предвидената радио дифузна такса во износ од 3% од просечна плата исплатена во последните три месеци е превисока и во услови на влошена економска и социјална состојба на најголем број од населението и голема невработеност би довело да таа воопшто не би можела ефикасно да се наплати. Доколку би се намалила оваа радиодифузна такс ана 1% од просечна плата би имале една ситуација да навистина најголем дел од населението можат да ја поднесат оваа такса во овие влошени економски состојби. во некои други посреќни времиња можеби таа би можела да биде и повисока од 1%. Во овие денешни услови кои што ги имаме навистина сметам дека е реално да биде 1%. Висината на такса од 1% би значело не намалување на приливот, туку напротив би овозможило по редовен прилив па така што со тој поредовен и поголем прилив би бил во прилог на сите радиодифузни организации, а пред со на Македонската радио телевизија со што би се овозможило поефикасно вршење на радиодифузна дејност. Бидејќи сега имаме такса од 4% и знаеме дека многу неефиаксно еден голем дел од населението воопшто не ја плака. Доколку биде таа 3% тоа е незначително намалување и повторно би имале не редовен прилив, нередовна наплата на такса, а би имале можеби и некој апсурдни ситуации каде што најголем број, еден голем број од населението можеби повисока би била сметката за радиодифузна такса од потрошената електрична енергија.

Почитувани пратеници доколку навистина бидејќи сме народни избраници го слушнеме гласот на граѓаните би требало да прифатиме

оваа такса да се намали на 1%, а од друга страна би значела ефикасна наплата, бидејќи знаеме дека со Уставот многу проблематично би било доколку некој ја плати потрошената електрична енергија,а не ја плати радиодифузната такса, дали би можела да се исклучи струјата, односно дали би можела поефикасно да се наплатува оваа такса. Така што намалувањето на оваа такса би било во интерес на сите како на граѓаните во овие влошени социјални и економски услови, така и во корист на радиодифузнтие организации кои би имале ефикасен прилив на наплата. Оттаму може да се јават проблеми доколку при наплатата, доколку остане таа 3% а можеби макар што веќе е доцна можеби би било едно посреќно решение радиодифузната дејност да се финансира преку издвојување на некои наменски данок на некои производи како што е алкохолот или некои други. Така што во секој случај ви се обезбедило финансирање на ова. Јас разбирам дека секоја услуга треба да се плати, но верувајте во овие услови денеска 3% од просечен личен доход се многу високи и најголем дел од граѓаните не би можеле да ја поднесат, можеби би имале и ситуација на масовно откажување на користење на радкиодифузни услуги. Исто така сметаме дека еден дел од населението кое има приходи под 255 по член од просечен личен доход, односно просечна палта би требало да бидат сосема ослободнеи од радиодифузна такса. Бидејќи и самите гледате дека имаме и некои нови моменти при наплаќање За прв пат се предвидува и при регистрацијата на возилата да се плаќа оваа радиодивузна такса и е кажано дека само се плака при регистрација во апсолутен годишен износ, меѓутоа тој износ не е наведен овде во Законот, односно не се наведени параметри како ќе се плака, дали тоа можеби со подзакоснки такси или на некој друг начин би се решило ова. Уште еднаш на крајот од овој дел од дискусијата апелирам до сите пратеници да го прифатат тоа дека навистина неодржива е висината на радиодифузната такса, Со новата

територијална поделба на РМ недоволно е јасно што претставува емитување на програма на локално ниво. Бидејќи имаме сета голем број на општини, па можеби требало да се предвиди еден поширок опсег на емитување на локалните ТВ и радиостаници, бидејќи поимот општина е сега многу различен и поимот соседни општини како што е наведено во точката 5 на став 1 од членот 3 од Законот е недоволно јасен. Па не би можеле механички да пресечеме или да кажеме до каде, односно до каде може да се емитува и вештачки да се определи границата на емитувањето на радио и ТВ програма на подрачјето на една општина. Што ако тој сигнал е многу појак, па се совпаѓа не само на една , туку на две-три, или повеќе. Оттука сметам под поим локално емитуваше би требало да се смета емитување на радио и ТВ програма во опсег до 30% од територијата на РМ. Со тоа би се овозможило поширок обем на емитување на локалните ТВ и радио станици од една страна , а од друга страна сепак бројот 30 до бројот 70% покриеноста, гледаноста, односно слушаноста на територијата на РМ постои меѓу нив голема разлика така што не можат да се поистоветат овие локални станици со оние кои ја емитуваат програмата на национално, односно на државно ниво.

Исто така сметам дека во Законот е предвидено дека радиодифузните организации се должни да ги изложат ставовите на политичките организации, односно политичките партии, меѓутоа сметам дека еден минимален дел од својата програма тие би биле должни да ја отстапат на политичките партии без надомест, а се со цел да не постои апсолутно право на вистина, односно да постои можност секоја политичка партија, секој политички субјект да ги изнесе своите ставови.

XI/6.-

Исто така сметам дека со овој закон можеби малку попрецизно треба да се објасни и дефинира поимот сопствена програма. И на крајот би сакал да истакнам дека сепак премногу реструктивно се дадени условите под кои можат да вршат реклами, односно услови за рекламирање на раодиодифузнтие организации мислам дека и покрај тоа што досега имаше навистина еден хаос и можност во било кое време да се даваат овие реклами на било кој начин, дека треба да се стави еден ред во тоа, меѓутоа сметам дека во овој закон тие се доста дадени рестрикции и треба и за јавните и за овие другите радиодифузни организации барем во една подобра мера да се ублажат.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Еден од деловите од законот кој што посебно пробуди интерес во јавноста и на самата седница на Парламентот е делот на финансирање на вкупната радиодифузна дејност, а во рамките на тоа и на јавната радиодоифузна дејност од таков интерес кон кој што држава Македонија треба да издигне и таков однос кон тој вид на активност. Во рамките на согледувањата кој што се прават во Советот на Европа и на ниво на тела од Советот на Европа тоа прашање е посебно разгледувано и ние при определбата за димензионирање на зафаќањата за алиментирање на радиодифузната дејност ти имавме во предвид и документите кои што се донесени , а еден од тие документи е донесен во декември 1994 година на ниво на министерска конференција на земјите членки на Советот на Европа во вид на резолуција за политиката на мас-медиумите и посебно за во иднината на јавната радиодифузија. Во содржината на тој текст посебно е посветено внимание и на финансирањето и резолуцијата укажува на потребата од државата да изнајде траен и сигурен извод за финансирање на јавната радиодифузија и во рамките на тоа да овозможи на јавната радиодифузија остварување на приходи и по други

основи како што е рекламата, продавање на сопствено производство и друг вид на активност кој што е допуштен за активноста на јавната радиодифузија. Со оглед на тоа што ние во овој закон се определуваме за еден понапреден однос во овозможуваше на услови за развој на радиодифузна сфера, а во рамките на тој однос и понапреден однос во делот на обезбедување на финансиски средства за реализација на претходно споменатата цел, ние имајќи ги во предвид и севкупните состојби во РМ се определивме да постојната радиодифузна такса како обврска и како јавна давачка која што ја имаме утврдено со Законот во јануари 1995 година и која што изнесува 4% ја спуштаме на 3% со сознание дека во рамките на таа определба и понатаму имаме проблеми за финансирање за радиодифузната дејност.

Затоа што ги имаме сите анализи кои преку бројки се изразени за финансиските состојби во јавната радиодифузија и ако на тоа додадеме дека со овој Закон се определуваме за трајно и сигурно финансирање и на јавната радиодифузија на локално ниво, она што вие го викате на постојните радио станици, го унапредуваме односот и кон финансирање на програми кои ќе бидат произведени од трговските радиодифузни друштва со содржина од посебен јавен интерес за граѓаните на РМ. Цениме дека тоа е процентот на радиодифузна такса кој само ќе ги ублажи финансиските проблеми во радиодивузната дејност. Инаку можеме ние и да лицитираме, и зависно од тоа кој каков впечаток од оваа говорница може или сака да оствари во јавноста, сепак треба да ја гледаме реалноста и да согледаме дека финансирањето на оваа дејност е од интерес на граѓаните и оваа дејност е за граѓаните на РМ. Според тоа, мислам дека овој дел е со тоа доволно елабориран и за тој дел јас толку ги имал да кажам.

XI/8.-

Јас никаде низ Законот не гледам дека физичките лица, сопственици на моторни возила имаат обврска да плаќаат радиодифузна такса за радиокасетофоните што ги имаат во сопствените автомобили. Очигледно тука е направен прелив, бидејќи како обврска за плаќање на радиодифузна такса имаат правните лица кои поседуваат автомобили и таа висина, бидејќи не беше јасна висината, изнесува 1/3 од востановената радиодифузна такса.

Во мојот втор настап овде кажав дека низ расправата во работните тела на Собранието, значи низ комисиската расправа, некој од амандманите кои придонесуваат за подобрување на содржината на текстот, на самите седници на комисиите и тоа со повеќе амандмани јас ги прифатив. Еден од тие амандмани е и амандманот на член 44 став 2 кој ги обезбедува барањето на претходниот дискутант, во рамките на постојана законска регулатива, бесплатно промовирање на програми на политички партии, но во време во кое е предвидено со регулативата која ги регулира изборните постапки.

ДИМ**ИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (продолжение)

И на крај рестриктивен однос, крајно рестриктивен однос во делот на рекламата. Ако во основа сме се декларирале дека ги почитуваме генералните стандарди, кои што важат на пошироко ниво во рамките, на пример, на Советот на Европа кои што се многу важни за развој на оваа дејност, во Законот ништо порестриктивно не применивме во однос на она што значи рестрикција во Конвенцијата за прекугранична соработка. Бидејќи тоа се норми, тоа се стандарди кои што ние од таму ги преземаме или вградуваме во делот кој што се однесува на реклама. Така, тоа е дел кој што е потполно усогласен со она што значи стандард на меѓународен план во однос на определбите кои што ги имаме вградено во овој предлог на закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претеседателе, почитувани дами и господа пратеници, имајќи ја честа што добив збор после излагањето последно на министерот, предлагач на Предлог законот за радиодифузија, неодминливо е коментирањето на неговото претходно излагање. Очигледно е дека и самиот министер како предлагач по однос на најболното и за граѓаните најважното прашаше на радиодифузната такса е, прво, самиот се измачува во отсуство на аргументи за висината и начинот на пресметувањето и наплатата на таксата, а второ е и отсуството на аргументи за квалитетно и сеопсежно од сите аспекти објаснување на радиодифузната такса. Во која смисла ми е зборот? Очигледно е дека целокупното објаснување на предлагачот и по расправата овде на оваа седница на Собранието, во општата расправа и

пред комисиите е со користење на оперирање на аргументи кои се со објаснувањето дека радиодифузната дејност е државен, национален интерес, дека треба да се зачува постојната радиодифузна мрежа како, исто така, јавен интерес и дека во тие рамки и неопходноста од функционирањето на јавниот радидодифузен медиум, Македонската радио телевизија, дека со тоа се обезбедуваат преку овој закон сигурни средства за финансирање и целокупната документација се врти околу тоа дека се носи закон институциите и закон за органите. Ние носиме закон за граѓаните. Ако во име на интересот на функцијата Македонска радио телевизија се совпаѓа и се инкорпорира интересите на граѓаните, очигледно дека нема таква согласност во конкретното решение зошто. Затоа што, верувајте, а сигурно и вие сте по однос на овој закон доста контактирања на реагирања на граѓаните, јас како пратеник немам доживеано поголеми по број и по интензитет реакции по однос на радиодифузната такса визави донесувањето и расправата по овој закон. Значи, повикувањето од предлагачот дека е ова интерес на граѓаните, очигледно дека нема совпаѓање во вистинското реагирање на граѓаните по однос на таксата. Зошто? Затоа што, по мене ова е и повеќе од данок и затоа што во ваквото задолжување како јавна давачка на граѓаните, фактички од многу аспекти се врши неправичност во задолжувањето на граѓаните и истите се ставаат во нерамноправност. Затоа што се пресметува 3% и на социјални примања и на ниски плати и на оние што не примаат ни едно ни друго и на оние кои што по член на фамилија имаат под 25% од просечната плата или под 2.000 денари од просечната плата исто со сите други кои што како структура овој износ номинален од 260 до 300 денари им е неголем терет. Што значи, ваквата реакција и неминовниот заклучок дека на социјално примање од 3.00 0 денари, 300 денари или 10% на добар дел на ова граѓанство му е голем терет. А намет се става како јавна давачка без селективност дали се однесува за подеднаква структура на население кое со ова се

задолжува, туку начелно се остава во Законот тоа да се реши со посебен акт на Владата, кои структура на корисници на ТВ и радио приемници ќе бидат ослободени. Зошто? Тоа треба децидно да се изврши, бидејќи е јавна давачка и заложување на јавноста, на сите граѓани, а неправилно е за тоа што примањата се евидентно, посебно во оваа изразена тешка положба во добар дел и структура на граѓани тука селективност треба да се направи со закон и подеднакво да не се третираат тие што фактички не се еднакви. Овој закон тоа конкретно решение го нема, туку остава тоа Владата. Значи, пак една зависност понатамошна кои корисници на ТВ и радио-приемници ќе бидат ослободени.

Во оваа насока повеќе до оправдано е во согласност со барањето на граѓаните е намалувањето за пресметување на 1% на ТВ и радио-таксите. Тоа е и предлог на пратеничката група на Либерална партија и моја заложба и сметам дека тоа како висина на таксата би имала ефект во поголемата наплативост на процентност на граѓаните во секој тој износ да го подмири, да не му биде терет, што значи истиот ефект ќе се добие како сега со овој посто од 4 и 3 и имаме незадоволителна наплата. Така што, пак една нерамноправност на одреден број ги качи ова задолжување како јавна давачка, а за одредени не. Сметам дека исто така е за дебело преиспитување и начинот на наплата преку сметките за електрична енергија. Мислам дека тоа се две различни давачки кои една со една, пред се, немаат врска и не е добро со закон преку наплата на една давачка се осигурува и наплатата на радио и ТВ таксата и повторно образложението на предлагачот. Со тоа ќе се обезбедело сигурност во обезбедувањето за финансирање на Македонската радио телевизија. Повторно еден неслух, една некоресподенција и комуникација, а што со тие што треба да плаќаат. Значи, повторно еднострanчивост со овој

начин на пресметување, поарен е, подобар е за македонските радиотелевизии. Пак закон за институциите, а не закон за граѓаните. Сметам дека ова решение треба да се преиспита и не треба да се прифати, односно ова си е посебна давачка и треба како по постојниот систем на наплата исто и понатаму да се третира а не преку сметките за електрична енергија. Исто така, со овие две интервенции во делот на намалувањето на таксите на 1%, со што тоа нема да биде терет за сите, или алтернативно тоа посто да биде на фактичките примања на секој, а не 1% оној што зема социјална помош 3.00 0 денари и оној што зема 30.000 денари. Нема рамноправност, значи ова ќе биде закон со кој ќе се раѓаат, ќе се создаваат нерамноправност меѓу граѓаните. Ако е единствено образложението дека тоа е интерес на институцијата јавно претпријатие за радиодифузна дејност, мислам дека оправдување нема, освен ако тоа не е врзано со одредени, да не речам, условни пазарења, па за таа работа што со овој закон ваков Владата ќе им овозможи на јавното претпријатие Македонска радио телевизија вакво сигурно финансирање, вакво обезбедување на средства преку наплата на електричната енергија и со ваков износ, за да тоа после си има политички ефекти и противуслуги во делот на функционирањето на Владата, сметам дека не заслужува ние како Парламент да го донесеме и тоа нема да биде интерес за граѓаните.

Да не се повторувам по однос на концепциските прашања, сметам дека радиодифузната власт треба да биде во Советот за радиодифузија, а не во Владата, во делот на издавањето на дозволите односно концесиите за вршење на дејност. Второ, јавниот карактер на радиодифузната дејност треба да биде како на ниво на територија на Република Македонија, така и на локални нивоа, односно единствен е јавниот карактер на информирањето и уставното право од јавно објективно и вистинито информирање, што значи единственоста загарантирана во делот на единственото функционирање на јавните претпријатија, како на

републичко ниво, така и на локално ниво преку постојните 29 локални радио-станици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Арсовски,процедурално.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас излегов со една намера да дадам еден апел до сите вас пратеници тука. Мислам дека голем број на пратеници не беа присутни во оваа сала и честопати не се слушавме доволно па можеби и многу се повторуваме. Во таа насока, бидејќи се работи аз втора фаза на закон, а не се работи за предлог за донесување на закон, па сега да се удвараме и на граѓаните и на министерот, јас лично сметам дека министерот нема шанса ова ние сега што ќе го предложиме во општиот претрес тоа да го синтетизира и да го преточи во еден закон или да предложи тоа, бидејќи треба да го враќаме назад до Владата, а Владата пак да расправа. Сум за еден предлог на рационалност. Јас видов дека во законот имаме 95 члена, а имаме 89 амандмани. Шанса ни е на сите нас тука кои ги предложивме амандманите секој на свој начин да влезе во расправата точно во амандманот. Мислам дека би се повторувале. Еве, јас слушам некои пратеници и ги гледам нивните амандмани. Тој го образложува амандманот кој го има поднесено. Зошто е тоа така. Нема потреба., бидејќи сме втора фаза и сега би било најрационално и компетентно и јас како предлагач моите амандмани, дури сакав да дискутирам, меѓутоа најдов за сходно и велам подобро е да влезам во расправата кога мојот амандман ќе дојде на ред, отколку сега да расправам. Па, една почит, јас така предлагам, дајте ако може овие дискусии малку да ги "сведеме на рационалност и да оставиме место многу поконкретно и многу посодржински да дискутираме за амандманите. Ви благодарам и ако го прифатите овој мој апел, кој има интерес да донесеме поквалитетен закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално г-дин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Ако колегата овде карајќи не нас, меѓу кои и мене упатува со една сугестија на рационалност во дискутирањето, јас чувствувам потреба да кажам дека моето излагање не беше ниту додворување на граѓаните, ниту како што викаа предлагачот лицитација со граѓаните, туку тоа е изворно застапување на барањата, правата и интересите на граѓаните и се залагам ние да донесеме закон кој ќе биде во интерес на тие интереси и права на граѓаните. Само тоа сакав да го кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, ова не беше процедурална интервенција.

Господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и господине министре, Секој закон има своја тежина, а овој закон исто така има посебен интерес, затоа што регулира една сфера во областа на радиодифузијата, а тоа е во областа на електронските медиуми.

Би се вратиле малку во блиското минато кога од оваа говорница во првите фази на законот пратениците од Либерално - демократска партија укажуваа дека законот во однос на правата на министерот се големи и дека се врши голема централизација, концентрација на власт во ресорното министерство и во рацете на министерот. По укажувањата од нас како пратеници дојде и експертизата од Европа, која исто така имаше генерални забелешки околу централизацијата на власта на министерот и барањето и укажувањето од Советот на Европа беше да се фрли централизацијата, односно власта да се фрли во Советот. И тогаш

укажувавме дека Советот како такво тело е маргинализирано и може да се каже во оваа верзија која е последна е направена добра работа, затоа што сите сугестии, како од пратениците, така и од Советот на Европа се прифатени. Генерални забелешки ќе има во тоа што овој закон требаше да се носи паралелно со уште други закони и требаше да се донесе законот за Македонската телевизија, законот за телекомуникации и оној закон околу закон или подзаконски акти, распределбата т.е. фреквентниот план.

Би го задржал вниманието на повеќе односно на помалку да кажам ударни точки. Она што колку го експлоатираа во оваа работа беше Советот. Советот како таков кој е даден не треба да има советодавна работа, туку треба да одлучува. Во делот на работата на Советот забелешка би било при неговото работење да има уште поголема моќ на одлучување, да не биде советодавно тело на Владата, туку самиот тој со давање на уште поголема автономија во дел од зафаќањата на таксата да се самофинансира и да има поголема улога во однос на одлучувањето.

Кога станува збор за изборот на членови на Советот, мора да се каже дека Советот ќе го бираа Парламентот.

Знаејќи го односот на снагите во Парламентот знаеме како ќе заврши епилогот. Најважно е да имаш пристап мислам на СДС, тогаш можеш да бидеш член на Советот. Мислам дека тоа е јавна тајна и нема што да се срамиме ова да го кажеме. Во моментов таква е работата.

Во однос на концесиите не се сложувам со министерот, кој закажуваше дека законот за концесии во член 14 понудата за давање, се дава до органот за управување на надлежност на концесиите, бидејќи во овој случај концесиите треба да се даваат ако се издвои во овој случај органот, тогаш тоа треба да биде Советот. Сега една интересна работа во член 14. Конкурсот за вршење на радидоифузна дејност од ставот 3 на член 13 на овој закон го распишува Владата на Република

Македонија на предлог на Советот за радиодифузија. Конкурсот од ставот 1 на овој член се распишува по потреба. Мислам дека ова "по потреба" е малку сомнително, затоа што мора да стои "задолжително". Што е тоа по потреба. Ако се знае кога се оди на јавно наддавање на концесија, мора да биде задолжително. Овој збор "по потреба" става една точка, а не сигурност на недоверба и мислам дека министерот ќе најде доблест и може да реагира по оваа точка односно "по потреба" да се избрише.

Она што ја возбудува целокупната јавност, посебно граѓаните сигурно е наплатата. Станува збор дали да биде 3%, или она што го предлагаат пратениците од Либерално - демократската партија да биде 1%. Зошто се јавува реакција на незадоволство кај граѓаните. Знаејќи во каква ситуација живееме, социјални тензии, невработеност, стечаи и ред други работи, категоријата која е запоставена тоа се пензионерите знаејќи како се нуди во законот околу наплатата да оди во оваа една белешка со наплатата на електричната енергија, дали нема да се направи една неприродна состојба за тоа, онаа функција што функционира добро наплатата на електричната енергија, сега да направиме да ги испомешаме работиве и да изблокираме сега една друга институција, затоа што знаеме како земаат пензионерите пензии.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (продолжение)

Знаеме дека постојат повеќе категории. Знаеме дека ќе доцни дел од пензиите, ќе се доведат во ситуација добар дел од пензионерите и луѓето кои земаат социјална помош по разни категории да не можат во одредениот рок да ја наплатат со тоа што ќе дојде до сечеше на струјата односно до ненаплата. Она што стои во јавноста како јавна тајна е тоа дека во овој момент наплатата на Македонската телевизија е нека- де, зависно во кој месец, од 18 до 25%.Се поставува прашање зошто? Зошто граѓаните не плаќаат претплата на МРТВ. Не само што претплатата е висока, треба да се направи да биде еден процент да ги стимулираат сите граѓани наплатата да биде 95% да биде функционална.

Генерална забелешка не може Македонска телевизија да биде во функција на една партија т.е. во функција на СДС. Затоа реагираат граѓаните затоа не ја плаќаат претплатата. Не може да биде ако е национална телевизија или национално радио, да биде во функција на СДС. Тука реагираат граѓаните. Знаат сите дека Македонската телевизија треба и добро е за сите граѓани да плаќаат, но не телевизијата да биде партиска. Кога телевизијата нема да биде партиска, тогаш граѓаните ќе си плаќаат редовно.

Еве, ќе го задржам своето право, бидејќи имаше апел, да се коментира по однос на амандманите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Владеачката партија преку својата извршна власт предлага закони, истата тука води расправа, одлучува и бара тие закони да се извршуваат.

XIII/2.-

Меѓутоа, ние сме една минормна опозиција, права опозиција само што нема доволно прсти и ништо повеќе. Кога веќе гласачката и механичката машинерија на мнозинството во овој Парламент одлучи да се води расправа по Предлог на закон за радиодифузна дејност, а најверојатно по тоа и да го донесе конечно, т.е. не му го остави на составот на новиот Парламент кој треба да дојде по одржувањето на предвремените избори на есен, накратко да се произнесам повеќе начелно, бидејќи за подетално имаме поднесено 10 заеднички и сублимирани амандмани со негирање, односно интервенираше на точно 33 члена и повеќе ставови, односно точки, а тоа значи нешто повеќе од 1/3 од севкупните на овој предлог, па да не се повторуваме и несогласностите ќе ги изразиме поконцизно преку нешто по опширното образложение на истата на расправата по текстот на законот.

Во оваа прилика треба да се каже и потенцира едно на прв поглед формално, но многу важна аномалија и што се однесува до ресорсното министерство во името на Владата на владеачката партија како сопственици, односно претставници се појавуваат од сообраќај и врски, па дури и сите иако ова не е предлог на закон за телекомуникации или слично, односно од проста техничка сообраќајна или слична природа, туку во прв ред е од правна, организациона.

Од девет поглавја само во V-Радиодифузни програми и тоа единствено во точка 6 се на се пет члена од 65 до 69 назначени како кабловска радиодифузиска мрежа е од сферата на наведеното министерство.

Глава VI - Финансирање на радиодифузната дејност со 12 члена од 70 до 81 спаѓаат во соодветната надлежност на Министерството за финансии, додека другите седум поглавја со 78 члена почнувајќи од општите одредби преку радиодифузните организации, доделување на концесија за вршење на радиодифузната дејност, Советот за радио-

дифузните програми, па се до надзорот и казнените одредби спаѓаат во доменот на Министерството за правда, кое секако во случај на опасност од високоправна анализа повторно ќе се обиде преку својот претставник да укажува на адекватна помош под услов дотичниот да биде присутен во Собранието на РМ.

Ова е уште еден знак дека оваа Влада, како што сама призна, за време на реконструкцијата навистина е неекспертска и се претставува како политичка. Меѓутоа, ако со тоа се подразбира оригинерно во права смисла на зборот не е ни таква, односно никаква.

Што се однесува уште поконкретно до Предлогот на законот за радиодифузна дејност сите сме согласни дека во оваа сфера со години имаме навистина хаотична и анархична состојба и крајно време е ова правно да се нормира и да се уведе еден ред и правично да се канализира, ориентира и организира. Меѓутоа, за жал, со овој законски проект, како што ни се доставува и наметнува не само што не се очекува ништо позитивно, туку напротив состојбите би се влошиле уште повеќе и хаосот и анархијата ќе се продлабочат до бескрајност и не ќе има сила која ќе може да ја спречи или санира.

Дали тоа се прави свесно или несвесно, тоа е од лаичност, односно незнаење. Може да се претпостави не априорно, туку со најдобра намера, тоа е тешко да се утврди со математичка точност. Со овој предлог старата, односно неадекватната правна регулатива во однос на барањето на современите услови и усогласување не само што не можат да се надминат, туку се доаѓа и до нови и непремостливи конфузии со непредвидени реперкусии, т.е. последици.

Тоа ќе го чини многу ова наше општество, па поради овие причини иако доцниме најсериозно, предложивме и предлагаме да не се прифаќа за сега како таков овој законски проект.

XIII/4.-

Иако се наведува дека во фазата на донесување беше предмет, цитирам, на експертиза од страна на Советот на Европа, односно од експертите на Европската Унија за радиодифузија впрочем како и многу други проекти и овој пат не ни се доставува текстот со забелешките додека само пред неколку дена преку телевизијата нивниот експерт односно правен советник иако беше дојден во Скопје за оваа цел изјави дека таков текст, т.е. законскиот проект за радиодифузија за сега не му е доставен и дека не е запознаен. Конфузиите, недостатоците и слабостите на овој Предлог на закон се многубројни, додека накратко по овој повод да ги потенцирам.

Прво, крајната дискриминација и во оваа сфера на албанците и албанскиот јазик како и на другите национални колективитети член 4, 7, 8, 45, 46, 90 и тн.

Второ, погрешната поставеност на радиодифузните организации член 9.

Трето, концентрацијата на надлежностите за доделување на концесија за вршење на радиодифузна дејност член 13, 14,16,17,19 и 20.

Четврто, непотребното поставување на Советот за радиодифузија посебно на овој начин и на вакво ниво што ќе биде злоупотребено од страна на извршната власт и именувачот, а на штета на локалните радиодифузии било јавни или приватни член 23 до 30.

Петто, тенденциозното и деталното програмирање почнувајќи од содржината член 31-47 преку рекламата, член 48-57, спонзорството, член58-61, правата на одговор и исправка член 62-63, пристапот до информациите и заштитата на изворот на истите член 64, па се до кабловската радио и телевизиска мрежа член 65-69 со кои одредби не само што нема ништо од самостојноста на радиодифузната организација воопшто, туку без доделување односно определување на посебни канали и прог-

рами спрема јазичната припадност на пример првиот на македонски јазик, вториот на албански јазик и третиот на турски, ромски, српски и влашки јазик, нема рамноправност и еднаквост не само како што се бара спрема меѓународните правни норми и конвенции кои ги ратификуваше овој Парламент, туку ниту оние какви такви загарантирани и со актуелниот Устав на Република Македонија.

Шесто, начинот и висината на финансирањето на радиодифузната дејност,посебно наметнувањето на радиодифузната такса, т.е. висината и формата на плаќањето т.е. кому се плаќа, е не само катастрофално поставено лошо, туку исто така крајно дискриминаторски овој пат по социјално загрозените граѓани во цела Република Македонија, член 70-81. Да се плаќа во еден центар наводно како транзитен приход на"Буџетот на Републиката", а се користи радиоителевизиска програма и од локално ниво и странска, тоа значи уште еден институционален грабеж врз основа на правно нормирање за кое никој не сноси никаква одговорност ни кривична, ни морална е за секаква осуда. Имајќи ги во предвид општите и посебните прилики и состојби во Република Македонија од У1-то поглавје, може да остане само членот 70 и радиодифузните организации да се финансираат од вршењето на својата дејност, донациите и другите приходи додека другите членови заедно со радиодифузната такса да се бришат и граѓаните да бидат ослободени од плаќање на таксата. Во таа смисла е мислењето и забелешките на Здружението на радиостаниците на Република Македонија, посебно се солидаризирам и потполно поддржувам мислењето и реагирањето на Унијата на независните автономни синдикати на Македонија кое предлагам да се прочита во целина на оваа седница. Додека мојот завршен предлог,поради горе изнесените причини овој Предлог на закон да не се прифати

да се одложи, преправи од темел и да го донесе идниот Парламент. Јас не само што нема да гласам "за" туку нема да бидам ниту во салата кога ќе се гласа, т.е. не дозволувам надгласување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, дами и господа пратеници.

Со овој закон како целина правени се напори и не само тоа, туку се отвораат и можности што значи чекор напред во оваа област со решенија и форми како што е во поголем дел високоразвиени западноевропски земји.

Една значајна област, едно значајно подрачје регулирано на начин и пристап кое се приближува до земјите со подолготрајна демократска ориентација и традиција, меѓутоа, област условена од економско социјалните и политичките состојби во земјата и степенот на развој како во земјата така и во опкружувањето.

Тоа значи дека предложениот закон нуди можност со која Република Македонија и се грижи да ги создаде општите услови за развој на радиодифузната дејност, пред се, се грижи да обезбеди можност и отвора можност за одржување, изградба и употреба на основната радиодифузна дејност, заштита на радиодифузниот простор од страна, создавање на радиотелевизиски програми од јавен интерес, а сето тоа во рамките на остварувањето на основните и загарантирани слободи и права на човекот и на граѓанинот.

Значи, во основа, треба да сме согласни со тоа дека се обез-бедува или се остава можност на самостојност и автономност на радио-

дифузните организации без право на државните органи да можат да влијаат врз концепцијата и содржината на програмите.

Второ, се отвора можност за еднаквост и рамноправност на радиодифузните организации во пристапот при користењето на основната радиофизна мрежа за пренос, емитување и дистрибуција на радио и телевизиската програма.

Можеби ќе треба да се поразмисли околу условите за доделување на концесиите и конкурсот за вршеше на радиодифузната дејност да не ни се случи уште на почетокот поголем број на субјекти да не можат да ја остваруваат својата дејност, значи треба да се внимава на рестриктивноста во условите на конкурсот.

Советот за радиодифузната дејност како независно тело кое ги претставува и кое е замислено да ги претставува интересите на граѓаните на Република Македонија има улога која не смее да се потцени. Сепак, тој Совет, изготвува предлози за доделување и за одземање на концесиите, тој Совет го следи остварувањето на договорите за концесија, дава предлози за унапредување и развој на радиодифузната дејност. Спрема тоа, не може да с.е каже дека нема надлежност или неговата улога е потценета.

Целосно се согласувам со условите кои треба да ги исполнат радиодифузните претпријатија во емитувањето на сопствената програма.

Понатаму, треба да го потенцираме и тоа што се отвора можност, се создаваат услови за определени подрачја се воведе кабловска радиотелевизиска мрежа каде корисникот на приклучокот плаќа надомест за тоа во зависност од каков обем и каков вид на услуга сака.

XIV/1.-

**ЗВОНКО КАРОВ:** (продолжение)

И сосема на крај за финансирањето на радиодифузната дејност

Имаме закон, има концепт, а тоа значи има и корисници

Концептот за радиодифузната дејност подразбира и обем на средства.

Формата и начинот на обезбедувањето, тоа е друго прашање и за тоа прашање треба да се разговара. Тоа значи, ако постои висок степен на согласност, за тоа дека се нудат можности со овој закон за одржување, изградба и развој на радиодифузната мрежа, како и тоа дека се нуди можност и за финансирање на корисниците, тогаш ние денес мораме да зборуваме за концептот, за обемот и висината на тие средства. Што значи не би смееле ниту би можеле да го подриваме концептот како концепт, ако сме согласни дека пристапот и концептот немаат некој поголеми неусогласувања. Тоа значи, доколку сме согласни околу пристапот, формите и начинот на изградбата, одржувањето и развојот на радиодифузната мрежа, информирањето како гарантирани основни човечки права и слободи на граѓаните, тогаш мислам дека самиот пристап и самиот концепт, и во расправите воопшто, не би требало да стане збор за тоа колку средства се потребни, дали и лицитирање на потребниот обем на средства. Што сакам да кажам?

На пример, за одржување, изградба и употреба на основната радиодифузна мрежа требаа толку пари. За јавното радио дифузно претпријатие што врши дејност на територијата на РМ, толку, за развој и техничка опременост на јавните радиодивузни претпријатија на локално ниво толку и за комерцијалните и трговски друштва. Тоа значи со понудениот предлог овие дејности за една година, по проста математика, некаде сметано чинат околу 60 милина ДМ. Тоа значи доколку

имаме убедувања дека тоа е повеќе, да раправаме за износот на тие средства што за овој систем се потребни, а изразено во домаќинства, 3%. Јас овде со министерот не се согласувам.

Ако постои кај вас убедување за концепт и систем од 6%, кажете го дека ќе биде од 6%, изразено преку форма на домаќинство и немојте да навлегувате во лицитирањето од 1, 05,0%.

Доколку постои убедување во Парламентот дека за овој концепт за радиодифузната дејност за одржување на територијата на РМ се потребни, не 60, 90милиони ДМ иако ние сме убедени во тоа да престанеме да лицитираме околу висината на потребните средства за концептот. според тоа постои концепт, постои пристап на вршење на радиодифузната дејност и постојат потребен обем на средства.

Почитувани колеги, точно е тоа дека не ги претставуваме граѓаните на РМ дојдени од општините и дојдени овде воопшто преку она што значи народен пратеник. Меѓутоа должни сме и не треба по оваа проблематика и нечесно е да не кажеме дека постојат мислења и преовладува мислењето дека кај граѓаните и тоа обично се сведува на три работи. Велат, пратениче, ако е 100 денара ќе плаќаат сите. Тоа е едната работа. Втората работа е, ќе плаќаме, ама да не ја врзуваме со струјата. И третата работа е, ќе плаќаме, ама не сме еднакво оптеретени итн. Вели, јас земам 3.000 денари, некој зема 20.000 денари. -Тоа се дискусиите. Дискусиите доаѓаат од граѓанството и чесно е тоа да го кажеме. Меѓутоа чесно е да кажеме и друго, а тоа е моето мислење како пратеник, бидејќи државата е заинтересирана и е во интерес на задоволувањето на основните права и слободи во информирањето на граѓаните и дека е во интерес на државата да гради, одржува и ја штити основната радиодифузна мрежа.

XIV/3.-

Ќе дадеме поддршка на уведеноста за потреба од обем на средства што претворено по домаќинства, можеби би било и 500 денари ако се убедиме во тоа. Меѓутоа, можеби ќе отстапиме од размислувањата на претходните колеги, 1%, 05$, 2%.

Не би сакал тоа да се сфати маркенштински, метроа јас ја застапувам тезата можеби како преодно решение сега не е можно, меѓутоа полн износ и обем на средства потребни на државата, толку колку што треба да ја одржува основната радиодифузна мрежа, изградба итн. комплетниот концепт.

формата и начинот на финансирањето да не биде класичниот должничко - доверителен однос држава - граганин, јас тебе услуга, ти мене пари. Така ќе можеме да ја сочуваме радиодифузната дејност, така ќе ги задоволиме корисниците кои што ги имаме во Законот за што ние можеме да кажуваме, но со 1% нема да бидат ниту тие задоволни. Така ќе ги задоволиме и граѓаните, така ќе ја задоволиме во можноста да бидат правилно информирани.

Предложениот начин за финансирање, можеби како решение на оваа седница ќе помине. Но, мислам дека тоа не е долгорочен начин, дека е неприфатлив во еден временски аспект на трајно финансирање на радиодифузанта дејност, било таа постапка да биде сега, по предложената, или било постапка која ќе биде лицитирање. Според тоа, со таков начин за финансирање нема да се обезбеди стабилност. Со таквиот начин за финансирање средствата постојано ќе бидат пократки, ќе мора да има постојано на дополнување од други извори сакале или не.

XIV/4.-

Со таков пристап во областа на финансирањето, не во областа во концептот на законот кој во целост како концепт го прифаќам, ќе ја нарушиме основната радиодифузна дејност и концептот на радио-дифузната дејност, ќе бидат незадоволни радиодифузните претпријатија и ќе бидат незадоволни и разлутени граѓаните кои можат да бидат и исклучени и неинформирани.

Според тоа, сакам да бидам јасен. Не сум за 1%, затоа што и она што поширокото граѓанство го мисли, ако биде 100 денари ќе плаќаме сите. Лично сум убеден дека и тогаш нема да се плака затоа што нема да има и тогаш исто оптоварување итн.

Концептот како концепт го прифаќам во целина, затоа што тоа значи одржување на една многу важна и една многу значајна област и подрачје. Не знам дали ќе се лутат граѓаните или не, јас не сум за 1%. Јас сум за тоа тие да не плаќаат, а да користат услуга, а да најдеме форми каде што комплетниот концепт ќе го финансираме со средства колку што се потребни а тоа да го каже министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Бидејќи имаме поднесено над 70 амандмани, предлагам да продолжиме со работа утре во 11,00 часот. Но, ве молам за точност заради тоа што имаме уште два значајни законски проекти, за да можеме да ја завршиме седницата во текот на утрешниот ден.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,25 часот)